ФОНДАЦИЈА ”ФРИДРИХ ЕБЕРТ”

# РЕВИЈА ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

2009

Год. 2, Бр. 3, Стр. 197 - 302, Скопје, јуни 2009

*Издавач:*
Фондација "Фридрих Еберт" - Скопје

*За издавачот:*
Штефан Денерт

*Главен уредник:*
Маја Геровска Митев

*Уреднички одбор:*
Марија Доневска,
Благица Новковска,
Јасминка Фришчиќ,
Лилјана Јанкуловска,
Ирена Трајковска

*Теренски истражувач:*
Светлана Трбојевиќ

*Лектура:*
Инда Костова Савиќ

*Техничка подготовка:*
Тодор Трајковски

*Печати:*
Полиестердеј - Скопје

*Тираж:*
300

## СОДРЖИНА


**Вовед** ........................................................................................ 203

**СТАТИИ:**

Антидискриминирачката политика и правото на еднаков третман во европското и македонското законодавство, Наташа Богоевска ......... 205

Половата поделба на трудот - фактор на женската дискриминација, Сузана Симоновска ........................................................................ 220

Стигматизација на лица болни од шизофренија и на зависници од дрога и алкохол, Михајло Поповски и Катерина Наумова ................. 232

„Провокативните“ девојчиња и „нечувствителните момчиња“: меѓуврсничко сексуално вознемирување и креирање полово нееднаква атмосфера во основните училишта, Николина Кениг ........ 246

Нееднаквости во опфатот и правата од пензискиот систем во Република Македонија, Зоран Вучев ............................................. 266

**АНАЛИЗА / МИСЛЕЊА:** 282

Предлог- закон за антидискриминација ........................................ 282

Елена Грозданова, Министерство за труд и социјална политика .... 283

Ѕвонко Шаврески, Полио Плус ......................................................... 284

Алберт Муслиу, Асоцијација за демократски иницијативи - АДИ Гостивар ..................................................................................... 286

Томка Дилевска - Организација на жени на град Скопје ............... 288

**НАСТАНИ, ОСВРТИ, ПРИКАЗИ:** 290

Јавна расправа во Собранието на РМ: Европски политики за заштита од дискриминација во Република Македонија, Наташа Постоловска ................................................................................ 290

Регионална конференција: „Интегрирање на разлики – човекови права, социјална инклузија и социјална кохезија на Балканот кон патот до Европската Унија”, Јана Лозаноска ..................................... 293

Студија – Социјална исклученост на старите лица во Република Македонија, Сунчица Димитријоска ................................................ 296

Приказ на извештајот: Граѓански засновани анализи, Јован Пејковски ..................................................................................... 298

Приказ на книгата: “Социјален развој” од проф. д-р Јован Пејковски, Мариа Доневска ........................................................... 301

# Вовед

Третиот број на „Ревија за социјална политика“ ја донесува со себе проблематиката на антидискриминација. До скоро, политиките на еднаквост, рамноправност и сузбивање на дискриминацијата во Македонија се сметаа за инкорпорирани во системот преку залагање за темелните принципи на еднаков третман, независно од: полот, возраста, верската, националната, етничка, или социјална припадност. Ваквите принципиелни одредби беа, и се инкорпорирани во највисоките законски акти, поаѓајќи од Уставот, па сé до посебните законодавства во сферите на: вработувањето, образованието, здравството, социјалната сигурност. Сепак, постоењето вакви политики и законски одредби сé до 2000 година, не значеа, истовремено, и промоција на наведените права, ниту санкционирање на истите во случај на нивно прекршување. Во таа смисла, политиката на антидискриминација како на законодавно, така и на институционално ниво, може да се смета за понов феномен, чиешто практикување во Македонија особено се зајакна под влијание на меѓународните фактори, меѓу кои предничи Европската Унија.

Дека станува збор за понов феномен, кој е недоволно прецизен и истражуван кај нас, потврди и нашето првично објавување на повикот за текстови за овој број, преку кој добивме голем број трудови, кои, од една страна беа допирни со оваа проблематика (социјална инклузија, интеграција), но, од друга страна, недоволно фокусирани на (не) дискриминирачките примери/политики кон одредени групи, или во одредени домени. Сепак, на крајот успеавме да издвоиме и објавиме статии кои ја анализираат недискриминирачката политика и концепт во Македонија, како од компаративен аспект, така и во контекст на политиката и праксата на еднаков третман кон одредени групи во земјата.

Воведниот текст во овој број од „Ревија“ (Богоевска) дава компаративен легислативен приказ на директивите за еднаков третман, содржани во европското законодавство, кои Македонија треба да ги инкорпорира, како и увид во актуелните законски, но и други програмски иницијативи, преку кои се промовира концептот на недискриминација. Наредната статија, (Симоновска) прави осврт на биосоцијалните услови за поделбата на трудот според полот и улогите на половите; вредносните ставови како фактор за половата поделба на трудот, како и улогата на образованието во јакнење на еднаквоста/нееднаквоста меѓу половите. Авторите на трудот што следи (Поповски, Наумова), преку емпириско истражување на особеностите на стигматизацијата кај дел од студентската популација во однос на лица болни од шизофренија, зависници од дрога и алкохол, покажуваат дека покрај постоењето подготвеност за помагање на овие лица, студентите пројавуваат и тенденција за нивно

дискриминирање. Наредниот труд, исто врз основа на емпириска анализа (Кениг), утврдува постоење сексуално вознемирување во училиштата во Македонија, нееднаква позиција на момчињата и девојчињата, меѓутоа и непостоење посериозно организирани форми на превенција и надминување на оваа состојба. Конечно, завршната статија (Вучев) ги анализира ситуациите на нееднаквиот пристап кон правата од пензискиот систем, како и одделните групи кои се исклучени, или не се корисници на пензиските права.

Покрај научните статии, „Ревија" дава анализа на различните ставови, толкувања и сугестии во однос на актуелниот Предлог-закон за анти-дискриминација. Во тој контекст, претставници на Министерството за труд и социјална политика, како и претставници на граѓанските здруженија во Македонија, ги истакнаа своите мислења, со што „Ревија" придонесува во продлабочувањето на дебатата за критичко инкорпорирање на концептот на недискриминација во национални рамки.

На крајот, „Ревија" преку прилогот: Осврти и настани, прави увид во позначајните случувања и во новообјавените публикации, кои сметаме дека имаат своевиден придонес во развивањето како на концептот и политиките за еднаков третман во Македонија, така и во промовирањето на подинамична, прогресивна и искуствено-втемелена социјална политика.

Како и секогаш, уредничкиот одбор се надева дека и овој број ќе предизвика посериозно внимание, како меѓу креаторите на социјалната политика, така и меѓу сите фактори кои ја администрираат, истражуваат, или ги користат услугите од социјалната политика, повикувајќи ги, истовремено, сите заинтересирани за придонес во идните броеви на „Ревија".

Уредник,
Маја Геровска Митев

## СТАТИИ

УДК 342.72/.73 (4)
342.72/.73 (497.7)

**м-р Наташа Богоевска,**
***Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје***
***Филозофски факултет,***
***Институт за социјална работа и***
***социјална политика***

# Антидискриминирачката политика и правото на еднаков третман во европското и македонското законодавство

***Резиме***

Во последниве години Европската Унија врши активно промовирање на правото на еднаков третман, како фундаментален принцип, кој се зема предвид при креирањето на сите политики. Со член 13 од Договорот од Амстердам во 1997 година, Унијата се стекна со овластување за преземање мерки за справување со сите видови дискриминација. Тоа претставуваше основа за градење стабилна антидискриминирачка легислатива која вклучува три директиви: (I) Директива 2000/43/ЕЦ, со која се забранува дискриминирачко постапување во областа на: вработувањето, обуката, образованието, социјалното осигурување, здравствената заштита, домувањето и пристапот кон јавните добра и услуги, без оглед на расното или етничкото потекло; (II) Директива 2000/78/ЕЦ во која се имплементираат принципите за еднаков третман во областа на вработувањето и професионалното занимање; (III) Директива 2004/113/ЕЦ за еднаков третман на жената и мажот во пристапот и обезбедувањето со добра и услуги. Активностите на Унијата за превенција и борба против дискриминација, како и евалуација на ефективноста на предвидените политики и усвоените практики се одвиваат во континуитет преку имплементација на низа стратешки доку-

менти, меѓу кои: Зелена книга за еднаквост и недискриминација во проширената Европска Унија (2004), Стратегија за недискриминација и еднакви можности (2005), Одлука за прогласување на 2007 година за европска година на еднакви можности за сите, Резолуција на Советот на Европската Унија (2007).
Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската Унија има обврска за усогласување на своето законодавство со антидискриминирачката легислатива на Европската Унија. Тоа претставува дел од копенхагенските политички критериуми за членство. Во Република Македонија не постои општ закон за заштита од дискриминација. Со одделни законски текстови парцијално се забранува дискриминирачко однесување во различни сектори и од страна на различни актери: здравство, образование, култура, социјална заштита, детска заштита, семејните односи, изборното законодавство, казненото законодавство, државната служба, органите на прогон и казнување, управната постапка, судските постапки, невладиниот сектор, политичките партии. Заради создавање комплетен систем на заштита, согласно европските директиви, неопходно е донесување системски закон со едноставна структура и јасна содржина, со што би се постигнала негова реална и ефикасна имплементација.

**Клучни зборови:** дискриминација, еднаков третман, правна

## 1. Антидискриминирачка политика на Европската Унија

Принципите на еднаков третман и недискриминација се темелат врз европскиот социјален модел. Тие претставуваат основа за почитување на фундаменталните човекови права и вредности врз кои се потпира денешната Европска Унија. Антидискриминирачката политика претставува важен дел на пристапот на Европската Унија во регулирањето на многу сектори, како што се: вработувањето, заштитата, имиграцијата, интеграцијата, родовата рамноправност. Европската Унија врши активно промовирање на принципот на недискриминацијата, како основна алатка за создавање инклузивно општество.

Мерките на Унијата за промовирање на родовата еднаквост за прв пат беа усвоени во 70-тите години на минатиот век. Легислативната акција генерално беше насочена кон сузбивање на половата дискриминација, поврзана со: работните услови, платата и социјалната сигурност. Иако оваа област остана предмет на специфично дејствување, врз основа на стекнатите искуства, Европската Комисија предложи поширока програма за борба против сите видови дискриминација. Резултат од оваа иницијатива беше вклучувањето нов член 13, со кој се постави основата за гарантирање на правото на еднаков третман. Заедницата се стекна со овластување за преземање мерки за справување со дискриминацијата врз разни основи, вклучувајќи: расно, или етничко потекло, религија или верување, старост, попреченост и сексуална ориентација. Член 13, кој стапи на сила со Договорот од Амстердам во 1997 година, беше модифициран со Договорот од Ница, со што се овозможи донесување потенцијални мерки против дискриминација според правилата за гласање со квалификувано мнозинство во Советот. Законодавното дејствување и натаму претпоставува едногласно одобрување од страна на Советот, и покрај предлогот на Комисијата за прифаќање на квалификуваното мнозинство.

Определбата за борба против дискриминацијата, утврдена со Договорот од Амстердам дополнително беше потврдена со член 21 од Повелбата за фундаменталните права на Европската Унија, кој предвидува: (I) Секоја дискриминација заснована врз било која основа, како што е: пол, раса, боја на кожа, етничко, или социјално потекло, генетско обележје, јазик, вера или уверување, политичко, или какво и да било друго мислење, припадност на малцинска група, имотна состојба, инвалидност, возраст, или сексуална ориентација, ќе биде забранета; (II) Во рамките на Договорот за основање на Европската заедница, како и Договорот за основање на Европската Унија и без оглед на посебните одредби на тие договори, било каква дискриминација врз основа на државјанство, ќе биде забранета.

### *1.1. Европски директиви за заштита од дискриминација*

Европската Комисија ги спроведе во дело овластувањата предвидени со член 13 и понуди пакет-мерки со кои би се обезбедила правна заштита од дискриминација на сите лица кои живеат во рамките на Европската Унија. Воедно, тоа претставуваше основа за донесување три директиви со кои се создаде стабилна правна рамка за заштита од дискриминација, и тоа:

1. Директива 2000/43/ЕЦ со која се имплементираат принципите за еднаков третман во областа на вработувањето, обуката, образованието, социјалното осигурување, здравствената заштита, домувањето и пристапот кон јавните добра и услуги, без оглед на расното или етничкото потекло;

2. Директива 2000/78/ЕЦ со која се поставува основата за борба против дискриминација врз основа на религија или верување, попреченост во развојот, старост или сексуална ориентација во областа на вработувањето и професионалното занимање;

3. Директива 2004/113/ЕЦ за еднаков третман на мажот и жената во пристапот и обезбедувањето со добра и услуги.

Со директивите се дефинира концептот на дискриминација, при што се предвидуваат три форми на дискриминација:

- Директна дискриминација: едно лице било доведено, е, или би можело да биде доведено во понеповолна позиција од други лица во исти, или слични ситуации;

- Индиректна дискриминација постои кога одредена, навидум неутрална одредба, критериум или практика, го става, или би го ставила, во понеповолна положба во однос на другите лица заради определено негово својство, статус, определување или уверување;

- Вознемирување е секое постапување кое има за цел, или претставува повреда на достоинството на лицето, а кое предизвикува страв, или создава непријателско, понижувачко, или навредливо однесување. Во овој контекст директивите дозволуваат дефинирање на концептот на вознемирување, согласно националните права и практиките на земјите членки. Со Директивата за еднаков третман на мажот и жената во пристапот и обезбедувањето со добра и услуги, како посебна форма на дискриминација се издвојува и сексуалното вознемирување и се предвидува забрана за секаков вид непосакувано физичко, вербално или невербално однесување од сексуална природа, со кое се врши застрашување, или се предизвикува понижувачко, или навредливо однесување.

Со двете директиви од 2000 година дополнително се дефинира и терминот: инструкција за дискриминирање, како поттикнување за диск-

риминирање на трето лице врз било која основа предвидена со спомена-тите директиви на ЕУ.

Директивите се однесуваат на сите лица во ЕУ, без разлика дали се работи за јавен или приватен сектор. Сепак, таксативно се набројани случаи во кои се дозволува одредено постапување, што претставува исклучок од забраната за дискриминација. Два случаи се среќаваат во трите директиви: (I) Позитивна акција, (II) Кога се работи за лица со пречки во развојот. Двете директиви од 2000 година кои се однесуваат на вработувањето и професионалното занимање, дополнително предвидуваат генерална одредба според која нема да се смета за дискриминација постапување кое поради природата на професионалните активности, односно контекстот во кој се реализира одредено вработување, постои автентичен и определувачки услов за вработување, и ако се гарантира дека исклучоците ќе имаат легитимни цели, кои се соодветни и неопходни. Притоа, треба да се исцрпени, или да не постојат било какви можности за постигнување на истите цели со други недискриминирачки механизми.

Сите три директиви предвидуваат правила и обврски за државите членки:

Правна заштита на жртвите на дискриминација (управна и судска заштита, а таму каде што е можно и постапка за помирување);

- Интензивирање на социјалниот дијалог и задолжително вклучување на организациите од невладиниот сектор, кои согласно националното право и практика имаат легитимен интерес да придонесат во борбата против дискриминацијата;

- Посебна заштита за лицата кои се борат за примена на принципите на еднаков третман и недискриминација;

- Товарот на докажување во случај на презентирани докази за дискриминација, паѓа на страната што извршила дискриминација;

- Формирање тела за промоција на правото на еднаков третман;

- Усогласување на целокупното законодавство на земјите членки со одредбите на овие директиви;

- Доставување петгодишни извештаи за состојбата во оваа област до Европската Комисија.

Со транспонирањето на трите директиви во националните законодавства на земјите членки, значително се подигна нивото на заштита од дискриминација дури и во оние земји кои имаа современи системи на антидискриминирачка политика. За првпат беа воведени нови дефиниции и нови концепти на заштита. Сето тоа беше проследено со јакнење на институционалната рамка за имплементација, преку воспоставување специјализирани тела, или зголемување на надлежностите на

веќе постојните. Европската Комисија е овластена да ја следи состојбата и да осигура самостојност, средства за финансирање и капацитет неопходен за ефикасно функционирање на овие тела.

Директивите за расна еднаквост и еднаквост при вработувањето се дополнети со Акциона програма за борба против дискриминацијата (2001-2006) чија основна цел е развивање на капацитети за превенција и борба против дискриминацијата и евалуација на ефективноста на предвидените политики и практики. Со оваа програма се опфатени сите видови дискриминација, со исклучок на половата дискриминација која е во рамките на Програмата на Унијата за родова еднаквост. Оваа Програма, од 1 јануари 2007 е заменета со PROGRESS Community programme, која вклучува низа иницијативи за воспоставување заеднички принципи за борба против дискриминацијата.

*1.2. Други активности за промоција на правото на еднаков третман*

Активностите на Унијата за ефикасна борба против дискриминацијата се одвиваат во континуитет и преку донесување низа стратешки документи. Некои од нив накратко ќе бидат презентирани.

Европската Комисија, во јуни 2003 година започна со реализација на петгодишна информативна кампања: "За различноста - против дискриминацијата" (For Diversity - Against Discrimination). Кампањата имаше за цел да ги запознае луѓето со правата утврдени со европското и националното антидискриминирачко право, како и промоција на позитивните придобивки од почитувањето на различноста за општеството како целина.

Четири години по усвојувањето на двете директиви од 2000 година, се пристапи кон анализа на постигнатото на полето на еднаквите можности. Европската Комисија ја презентира: Зелената книга за еднаквост и недискриминација, во проширената Европска Унија (2004). Со Зелената книга се отвори широка дискусија за иднината на антидискриминирачката политика меѓу различни актери на европско, национално и локално ниво.

Врз основа на добиените коментари од расправата отворена со Зелената книга, се подготви Стратегијата за недискриминација и еднакви можности за сите (2005). Стратешкиот пристап има за цел обезбедување ефективна правна заштита против дискриминација преку целосно транспонирање на легислативата од оваа област во сите земји членки. Стратегијата, исто така, ги охрабрува земјите во преземањето дополнителни мерки во насока на подигање на свеста, пренесување искуство, обука и пристап кон системот на правдата.

Европскиот Парламент и Советот, во јуни 2006 година го усвоија

предлогот на Европската Комисија, 2007 година да се прогласи за Европска година на еднакви можности за сите. Кампањата вклучи бројни активности на европско, но и на национално и локално ниво. Целта на оваа европска кампања беше спроведување стратегија за осигурување на влијателна борба против дискриминацијата, намалување на различностите, како и запознавање на граѓаните со европското законодавство во тоа подрачје. Европската Комисија предложи четири теми за постигнување на целите на Европската година на еднакви можности:

❖ ***Права*** - Подигање на свеста за правата на еднаквост и недискриминација, како и проблемот на повеќекратна дискриминација. Ранливите групи кои се особено изложени на дискриминација треба да станат посвесни за гарантирањето на нивните права и постојното законодавство во областа на недискриминацијата;

❖ ***Застапеност*** - Потикнување на размислување и расправи за потребата од поголема застапеност и партиципација на овие групи во општеството, како и поголема вклученост во активностите за борба против дискриминацијата, во сите сектори и на сите нивоа;

❖ ***Признавање и препознавање*** - Нагласување на придонесот на луѓето во развојот на општеството без оглед на: полот, расата, етничкото, или социјалното потекло, верата и религиозното убедување, возраста, или сексуалната ориентација, особено имајќи го предвид богатството на различностите;

❖ ***Почитување*** - Подигање на свеста за негативните последици на предрасудите, стереотипите, насилството, промовирање добри односи врз еднакви основи меѓу сите во општеството, особено меѓу младите и пренесување на вредностите важни за борбата против дискриминацијата.

Во рамките на оваа кампања се предвиде одржување состанок на врвот за еднаквоста (Equality summit), анкети за европскиот однос кон дискриминацијата (Eurobarometar surveys), Паневропска кампања за европската политика и законодавство во подрачјето на сузбивање на дискриминацијата.

Активностите на полето на антидискриминацијата продолжуваат со усвојување на Резолуцијата на Советот на Европската Унија (2007), со која се поздравуваат низа активности насочени кон подобрување на ситуацијата:

- Усвојувањето на Социјалната агенда 2005-2010, која ја дополнува Лисабонската Стратегија и има значајна улога во утврдувањето на социјалните димензии на економскиот развој. Еден од основните приоритети на Агендата е промоција на еднакви можности за сите како услов за постигнување инклузивно општество;

• Со Европскиот пакт за родова еднаквост, усвоен од страна на Европскиот Совет во 2006 година и Водичот за еднаквост меѓу жените и мажите 2006-2010, земјите членки и Европската Комисија се обврзаа да имплементираат политики за родова еднаквост на европско и национално ниво;

• Одржувањето на Самитот за еднаквост, во јануари 2007 година, под германско претседателство со Советот и на Завршната конференција на Европската година на еднакви можности, одржана во ноември 2007 година, под португалско претседателство. Водењето дијалог и размената на информации и добри практики меѓу креаторите на политиките на европско ниво е особено значајно за постигнување напредок во промовирањето на еднаквите можности.

Со Резолуцијата се препознава големиот напредок во борбата против дискриминацијата, како резултат на усвојувањето на антидискриминирачката легислатива и формирањето национални тела за еднаквост. Истовремено, се апелира на натамошно дејствување во оваа област, со оглед на важноста на прашањето и сé уште присутната дискриминација на европско ниво.

## 2. Состојбата на полето на заштитата од дискриминација во Република Македонија

Правото на еднаков третман и прашањето за правна заштита од дискриминација, се во центарот на интерес на стручната јавност во Република Македонија од неколку причини.

*Прво*, принципите на недискриминација и еднаквост се уставни категории. Во Уставот на Република Македонија, во делот на граѓански и политички слободи и права е утврдено дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од: полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви. Таксативно наведувајќи ги случаите на ограничување на правата и слободите на човекот и граѓанинот, Уставот ја исклучува можноста ваквото ограничување да биде дискриминирачко врз било која основа. Со Амандманите на Уставот од 2001 година, се дозволува примената на позитивна акција заради постигнување соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

*Второ*, принципите на недискриминација и еднаков третман претставуваат составен дел на фундаменталните права врз кои почива Европската Унија. Нивното почитување претставува дел од копенхагенските политички критериуми за влез на нови земји - членки. Република Македонија, како земја кандидат за членство во Унијата, има обврски да го усогласи своето законодавсто со директивите против дискриминација, што е утврдено и со Национал-

ниот план за усвојување на правото на Европската Унија.

*Трето*, критиките од неколку меѓународни организации за состојбата во Република Македонија во оваа област. Во Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година се критикува: (I) Непостоењето општ закон за забрана на дискриминација; (II) Сé уште невоспоставените механизми за идентификација, кривично гонење и криминализација на сите форми на дискриминација; (III) Сé уште присутната дискриминација на малцинствата, лицата со посебни потреби и хомосексуалните лица (Европска Комисија, 2008). Комесарот за човекови прашања на Советот на Европа, во Извештајот од септември 2008, наведува дека состојбата во Република Македонија во поглед на дискриминацијата остава многу простор за напредок и дека има потреба како за воспоставување подобра антидискриминирачка правна рамка, така и за преземање поконкретни и сеопфатни мерки во оваа област.

*2.1. Мерки за промоција на концептот на родова еднаквост*

Една од областите предводник во процесите на промоција на правото на еднаков третман е борбата против полова дискриминација. За таа цел се започнати активности за вклучување на родовата рамноправност во главните политики и практики. Република Македонија е вклучена во низа активности реализирани од Советот на Европа за постигнување напредок во оваа област.

Во 1997 година е поставена институционалната рамка за промоција и имплементација на концептот на родова еднаквост. Во рамките на Министерството за труд и социјална политика е формирано Одделение за унапредување на рамноправноста меѓу половите, кое во 2007 година прерасна во Сектор за еднакви можности. Во 1999 година е усвоен првиот Национален план за акција за полова рамноправност. Со донесувањето на Законот за еднакви можности на жените и мажите, во мај 2006 година, се создаде законска основа за воспоставување на системот на мерки за постигнување родова еднаквост и субјекти одговорни за нивно усвојување и спроведување. Во 2007 година, Владата на Република Македонија усвои Национален план за акција за родова рамноправност 2007 - 2012, со кој ги дефинира: целите, мерките, индикаторите и клучните креатори на политиката за унапредување на родовата рамноправност. Реализацијата на планските активности се конкретизира преку донесување оперативни планови за имплементација за 2008 и 2009 година.

Во Собранието на Република Македонија, од септември 2006 година функционира Комисија за еднакви можности на жените и мажите, со задача да ја следи законската регулатива што ја предлага Владата на Република Македонија од аспект на вклученост на родовиот концепт.

Посебно внимание се обрнува на законските акти од областа на социјалната заштита, образованието и здравството, семејството и заштитата на децата. Во насока на инкорпорирање на родовата перспектива и еднакви можности во локалната политика и унапредувањето на положбата на жената на локално ниво, согласно Законот и Националниот план за акција се формирани комисии за еднакви можности на жените и мажите во единиците на локалната самоуправа.

Организациите на невладиниот сектор се иницијатори и реализатори на низа активности поврзани со родовите прашања. Многу од темите, коишто воопшто не се третираа, сметајќи ги за приватна работа на поединци, денес се целосно регулирани. Тука, во прв ред се мисли на семејното насилство и трговијата со луѓе. Со измените и дополнувањата на семејното, социјалното и кривичното законодавство, се предвиде цел систем на мерки за превенција и заштита на жртвите, како и санкции за сторителите на кривичните дела. Со изборното законодавство се предвидува соодветна застапеност на жените во органите на власта. Во Собранието на Република Македонија, од вкупно 120 пратеници, 38 се жени, а се планирани дополнителни мерки за поголемо вклучување на жените во јавниот и политичкиот живот, како и во процесите на одлучување. Организирани се низа кампањи за подигање на јавната свест за овие прашања. Во последно време се водат јавни расправи за воведување родово сензитивно буџетирање, за што се консултираат низа странски експерти.

Сепак, многу прашања остануваат нерешени. Стереотипите и предрасудите сé уште се присутни, особено во руралните средини. Во Извештајот на Европската Унија од 2008 година се изразува загриженост за низа прашања: учеството на жените на пазарот на трудот, заштитата од сексуалното вознемирување, практиката на семејно гласање според упатства во рамките на албанската етничка заедница, двојната дискриминација (расна и родова) на жените Ромки.

### *2.2. Потреба за донесување општ закон за заштита од дискриминација*

Во Република Македонија не постои општ закон за заштита од дискриминација. Со одделни законски текстови парцијално се забранува дискриминирачкото однесување во различни сектори и од различни актери: вработување, здравство, образование, култура, социјална заштита, детска заштита, семејните односи, изборното законодавство, казненото законодавство, државната служба, органите на прогон и казнување, управната постапка, судските постапки, невладиниот сектор, политичките партии. Заради создавање комплетен систем на заштита, во стручната јавност е утврдена потребата за донесување системски закон со кој ќе се уреди ова прашање и е подготвен предлог-текст.

Првичната верзија на Законот за заштита од дискриминација е испратена на експертиза до Венецијанската комисија, во јуни 2008 година. Заради увид во националниот контекст, актуелниот законодавен процес, предизвиците и социјалните импликации од новата антидискриминирачка политика, Венецијанската комисија и ОБСЕ/ОДИХР имаа заедничка информативна мисија во Скопје. Иако во меѓувреме е изготвена нова верзија на законот, Венецијанската комисија изврши експертиза на стариот текст, со цел препораките да се вметнат во новиот текст пред праќањето на конечниот предлог во Парламентот.

Во Мислењето, усвоено во декември 2008 година, Венецијанската комисија генерално ја поздравува амбицијата за донесувањето општ закон за заштита од дискриминација, но дава и низа забелешки за текстот: (I) Повеќе прашања остануваат проблематични и го прават нацрт законот прилично апстрактен, комплексен и општ, оставајќи премногу простор за дискреција и неможност за ефикасна имплементација; (II) Постои недостаток на транспарентност во законодавниот процес и вклученост на граѓанскиот сектор. Забелешките на невладините организации вклучени во процесот не биле земени предвид при изготвувањето на нацрт текстот; (III) Листата на критериуми за определување на дискриминација е многу долга, со што се создава можност целиот концепт да биде разблажен на начин кој би можел да ја ослаби заштитата од посериозни дискриминирачки активности; (IV) Дел од користените термини и дефиниции се конфузни и непрецизни; (V) Делот кој се однесува на исклучоците треба детално да се ревидира, ограничи и да биде предмет на општ принцип на пропорционалност; (VI) Комисијата предвидува дека Народниот правобранител не може да биде одговорен орган за заштита од дискриминација и препорачува формирање специјализиран независен орган.

Во актуелната верзија на Предлог - законот за спречување и заштита од дискриминација се прифатени голем дел од сугестиите на Венецијанската комисија. Особено е важно тоа што во голем дел предлогот е усогласен со европските директиви и е предвиден посебен механизам за заштита (формирање самостојно тело, комисија, чии членови ќе се избираат од страна на Собранието на Република Македонија). Сепак, конечната верзија на Законот ќе биде позната по завршувањето на амандманската расправа во Собранието и неговото усвојување.

**Заклучни согледувања**

Во Европската Унија е постигнат значаен напредок во борбата против дискриминацијата како резултат на усвојувањето на антидискриминирачката легислатива и практика. Со транспонирањето на трите директиви во националните законодавства на земјите членки, значително се подигна нивото на заштита од дискриминација, дури и во оние земји кои

имаа современи системи на антидискриминирачка политика. За првпат беа воведени нови дефиниции и нови концепти на заштита. Сето тоа беше проследено со јакнење на институционалната рамка за имплементација, преку воспоставување специјализирани тела за еднаквост, или подобрување на капацитетите на веќе постојните.

Сепак, во документите на Унијата се констатира дека нееднаквоста и дискриминацијата по разни основи се́ уште се присутни на штета на секој маж и жена индивидуално, но и на европското општество како целина. Сиромаштијата и социјалната исклученост се потенцираат како главни пречки за постигнување на концептот на еднакви можности. Истражувањата на Eurobarometer покажаа дека само една третина од луѓето во Европската Унија ги знаат своите права во случај да станат жртви на дискриминација, или вознемирување врз било која основа. Податоците за недоволно познавање на антидискриминирачката регулатива поттикнаа реиницирање на кампањата: “За различноста - против дискриминацијата”, во 2008 година.

Извесно поместување на работите напред се забележува и во Република Македонија, особено на полето на родовата еднаквост. Во изминатиов период се интензивирани активностите за поставувањето општа нормативна рамка преку донесување на Законот за спречување и заштита од дискриминација. “Сепак, значајно е не само да се донесе добра легислатива, туку и да се осигура дека таа добра легислатива правилно и ефективно ќе се применува. Иако правниот пристап е клучен, подеднакво значајно е и зајакнувањето на институциите одговорни за примена на законот и за преземање сеопфатни административни активности” (Венецијанска комисија, 2008:5).

**Користена литература**

Венецијанска комисија, 2008, Мислење бр. 486/2008 за Нацрт законот за заштита од дискриминација на Република Македонија, Стразбур: Европска комисија за демократија преку право, Венецијанска комисија;

Закон за еднакви можности на жените и мажите, “Службен весник на РМ”, бр. 66/2006, 117/2008;

Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во 2008 година, Брисел, СЕЦ (2008) 2695. Посетено на 15.05.2009 на интернет страницата на Секретаријатот за европски прашања при Владата на Република Македонија;

http://www.sep.gov.mk/content/Dokumenti/MK/izvestaj%202008_za%20vlada.pdf

Национален план за акција за родова рамноправност (2007-2012) усвоен од страна на Владата на Република Македонија, 2007. Посетено на 15.04.2009 на интернет страницата на Министерството за труд и социјална политика; http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/NPARR-finalen%20dokument.pdf

Оперативен план за 2009 за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност (2007-2012), усвоен од страна на Министерството за труд и социјална политика, 2009. Посетено на 20.05.2009 на интернет страницата на Министерството за труд и социјална политика;

http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/Operativen%20plan%20za%202009-NPARR-L%20finalen.doc

Устав на Република Македонија, усвоен од Собранието на Република Македонија на 17 ноември, 1991.

Commission Green Paper of 28 May 2004 - Equality and non-discrimination in an enlarged European Union [COM(2004) 0379

Communication from the Commission to the Council, the European Parliament, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions of 1 June 2005 - “Non-Discrimination and Equal Opportunities for All - A Framework Strategy” [COM(2005) 224

Council Directive 2000/43/EC of 29 June 2000 implementing the principle of equal treatment between persons irrespective of racial or ethnic origin, OJ L 180, 19.7.2000

Council Directive 2000/78/EC of 27 November 2000 establishing a general framework for equal treatment in employment and occupation, OJ L 303, 2.12.2000

Council Directive 2004/113/EC of 13 December 2004 implementing the principle of equal treatment between men and women in the access to and supply of goods and services, OJ L 373, 21.12.2004

Council Decision 2000/750/EC of 27 November 2000 establishing a Community action programme to combat discrimination (2001 to 2006) OJ L 303, 2.12.2000

Council Resolution of 5 December 2007 on the follow-up of the European Year of Equal Opportunities for All (2007) OJ C 308, 19.12.2007

Decision No 771/2006/EC of the European Parliament and of the Council of 17 May 2006 establishing the European Year of Equal Opportunities for All (2007) — towards a just society, OJ L 312, 11.11.2006

Discrimination in the Europen union, 2007, Eurobarometer. Посетено на 20.04.2009 на интернет страницата на Европската Унија

http://www.sobranie.mk/ItemID=988772D659F5CF448B41939158D69EC9

http://www.mtsp.gov.mk/ItemID=BD66FCC3A7FBCB47AB9150CBFECD2C96

http://www.pravo.org.mk/main.asp

http://ec.europa.eu/social/main.jsp?catId=83&langId=en

м-р Наташа Богоевска,

# Anti-discrimination policy and the right of equal treatment in the European and Macedonian legislation

## ABSTRACT

The article presents an overview of the legal and institutional framework for equal treatment and non-discrimination in the European Union and the Republic of Macedonia.

The principles of equal treatment and non-discrimination are the core of the European social model. They represent the basis for respect of the fundamental human rights and values. The gender equalities initiatives were first adopted in the 1970's. The experiences gained in this area were used by the European Commission for development of a broad program for fight against all types of discrimination. Under the Treaty of Amsterdam a new Article 13 has been written to guarantee the right of equal treatment. Article 13 empowered the Community to take action to deal with discrimination on a whole new range of grounds, including racial or ethnic origin, religion or belief, age, disability and sexual orientation.The EU has put in place a strong legal framework to tackle discrimination by adopting three directives: (I) Council Directive 2000/43/EC implementing the principle of equal treatment between persons irrespective of racial or ethnic origin, (II) Council Directive 2000/78/EC establishing a general framework for equal treatment in employment and occupation; (III) Council Directive 2004/113/EC implementing the principle of equal treatment between men and women in the access to and supply of goods and services. A coherent and integrated approach towards the fight against discrimination is provided by adopting and conducting a wide range of activities: Council Decision establishing a Community action programme to combat discrimination (2001 to 2006), Commission Green Paper of Equality and non-discrimination in an enlarged European Union (2004), Non-Discrimination and Equal Opportunities for All - A Framework Strategy (2005), Council Resolution on the follow-up of the European Year of Equal Opportunities for All (2007).

The principle of non-discrimination is one element of the political criteria for membership agreed by Member States at the 1993 Copenhagen European Council. Republic of Macedonia as a candidate country has obligation to transpose the three anti-discrimination Directives before joining the EU, as part of the Community legislative acquis. At the moment, the legal protection from different types of discrimination is provided with several laws covering differ-

ent sectors: employment, health insurance, social protection, child protection, education, election laws, governmental and non-governmental organizations, and political parties, administrative and judicial procedures. Therefore, the government is engaged in drafting general framework on prevention and fight against discrimination.

**Key words**: discrimination, equal treatment, legislation

УДК 316.346.2 : 316.663 (497.7)

**Вон. Проф. д-р Сузана Симоновска**
***Универзитет “Св. Кирил и Методиј”, Скопје***
***Филозофски факултет,***
***Институт за родови студии***

# Половата поделба на трудот - фактор на женската дискриминација

## РЕЗИМЕ

Поделба на трудот според полот е клучната категорија во објаснувањето на положбата на жените во сите општествени релации. Местото што поединците го имаат во дистрибуцијата на моќта е директна последица на местото што тие го заземаат во поделбата на трудот. Затоа, вниманието во овој труд е насочено кон причините кои доведуваат до половата сегрегација и воспоставувањето на машката доминација. Преку анализа на биосоцијалните услови за поделбата на трудот според полот и на вредносните ставови за местото на “машкото” и “женското” во културните и општествено-економските аспекти на човековиот живот, целта е да се расветлат скриените механизми на женската дискриминација.

Обидот за една ваква трансисториска генерализација на односите меѓу половите е во функција на расветлување на постојната полова хиерархија, која сé уште постои во нашата Република и покрај постојните законски регулативи за рамноправност меѓу мажите и жените. Со цел да се објасни половата асиметрија, едно од прашањата на кое му е посветено внимание во овој труд е колку образованието, како еден од клучните сегменти во општествените процеси, придонесува во поттикнувањето еднаквост/нееднаквост меѓу половите и во родовото сензибилизирање на младите кадри, како услов за јакнење на родовата еднаквост.

Во врска со поимот поделба на трудот, како клучна категорија, овој труд содржи: кус историси осврт на биосоцијалните услови за поделбата на трудот според полот и улогите на половите; вредносните

ставови како фактор за половата поделба на трудот и за градењето на стереотипите за женски и машки занимања; женскиот труд и општествениот статус; машката доминација и поделбата на трудот; образованието како фактор за јакнење на еднаквоста/нееднаквоста меѓу половите.

**Клучни зборови:** полова поделба на трудот, полови улоги, женска дискриминација, машка доминација, родова еднаквост и родова рамноправност.

## Вовед

Прашањето за природата и настанувањето на општествената потчинетост и дискриминација на жените, веќе подолго време е во фокусот на интересот не само во постојната феминистичка литература, туку и пошироко. Женското движење, т.е. модерниот феминизам од шеесеттите години на XX век, поттикна една нова критичка свест и нов сензибилитет во проучувањето на жените, нивната положба, искуство и судбина. Се отвораат нови хоризонти во анализата на половоста, половите улоги и особини, насочени кон разградување на традиционалните претстави за "машкото" и "женското", и за нивните предодредени улоги и особини. Целта е да се коригираат видувањата и толкувањата на женскиот свет коишто преовладуваат во општествените науки, и да се подобри општествениот статус на жената. (Tomić, 2001; Papić, Ž., Sklevicky L., 2003)

Во обидите да се одговори на прашањето: зошто жената главно била "вториот пол", и зошто покрај сите варијации на општествените форми мажот бил во фокусот на културните вредности, имал поголем авторитет и бил супериорен во јавната идеологија, поделбата на трудот се смета за клучна категорија во објаснувањето на положбата на жените во сите општествени релации. Местото што мажите и жените го имаат во дистрибуцијата на моќта е директна последица на местото што тие го заземаат во поделбата на трудот. Станува збор за поделба на трудот според полот - машки и женски труд, и за нивно различно вреднување. До денес не се надминати стереотипите за женски и машки занимања, а кои се должат на долгата патријархална традиција, во која улогата на жената се врзува главно за домот.

## Биосоцијалните услови за поделбата на трудот според полот

Поделбата на трудот според полот своите корени ги има во физичките и биолошките разлики меѓу мажите и жените. Бидејќи го раѓа потомството, Енгелс поделбата на трудот според полот ја смета за прва општествена поделба, и за сосема природна: мажот како физички посилен, војува, оди во лов и риболов, набавува храна, а жената заради репродуктивните функции: останува во домот, подготвува храна, готви, ткае, шие. Секој е господар во својата област, “мажот во шумата, жената во куќата”. (Fridrih, 1950: 298) Ваквата, според него, непроблематична теза, ја исклучува можноста за полова сегрегација и доминација според полот во претkласните општества. Половата диференцијација е првата диференцијација во општеството и се разликува од половото раслојување во класните општества, кога се случува потчинувањето и дискриминацијата на жените.

Сè до втората половина на XX век биле доминантни сфаќањата, со различни варијации, според кои различната положба и улоги на жените и мажите се сведувала на биолошките и физичките разлики. Разграничувањето на задачите меѓу мажите и жените се објаснува врз основа на различната генетска предиспонираност, а исто така и некои психички особини и способности што им се припишуваат исклучително на мажите, или на жените, се објаснуваат како резултат на генетското влијание врз однесувањето на припадниците на различните полови.

Во аргументирањето на ваквите ставови како доказ се наведуваат истражувањата на голем број антрополози, кои ја покажуваат доминантната улога на мажите во сите познати општества - мажите се секогаш воини, го носат најголемиот дел од одговорноста за физичката заштита на групата, ја имаат контролата над важните средства и богатства во општествата и, воедно, се носители на најважните и највисоко наградувани дејности. За разлика од нив, жените се ограничени во домашниот контекст и се исклучени од јавната општествена моќ. Бременоста, раѓањето и доењето, што трае еден долг период се наведува како причина за нивната преокупација со децата и за нивното ограничено учество во јавниот живот, особено во војната и политиката. Оттука, се извлекува заклучокот дека генетската ограниченост е во основата на универзалната поделба на трудот. (Фридел, 1999; Митерауер, 2005)

Од физичките и биолошките разлики меѓу половите произлегуваат различните, асиметрични места и улоги што ги имаат мажите и жените. Дејностите на жените се толкувани како поблиски до “природата” и се обезвреднувани во однос на дејностите што ги извршува мажот, а кои симболично се поврзуваат со

“културата”, се сметаат за најважни во општеството и се наградуваат високо. Така на пример, за Ото Вајнингер, жената, наспроти мажот, е како природата спрема културата; природата сфатена како нужност и културата сфатена како слобода, од што призлегува и: “способноста на мажот да ја опфати целата природа”. (Vajninger, 1998: 386) Во светот на културата се создаваат трајни дела, за разлика од жената, која создава: “само краткорочни производи - човечки суштества”. Затоа и сите дејности на жената се сфаќаат како од понизок ранг, како културно помалку вредни, и без право на еднаква општествена моќ - едноставно: “на жената местото и е дома”. (Ortner, 2003: 161) Секако дека во различните култури се признава улогата на жените како активни учесници во нејзините посебни процеси, но, воедно, заради анатомијата на телото и репродуктивните функции, жените се сфаќаат како: “вечно вкоренети во природата, или понепосредно сродни со природата”. (Исто: 153) Доколку жените се сфаќаат како поблиски до природата, а целта на секоја култура е да ја потчини природата, тогаш изгледа сосема “природно” жената да се подреди.

Ваквиот модел со векови се негувал во општествената теорија и пракса, што, од своја страна, ги имплицира верувањата дека жените се инфериорни во однос на мажите. Мажот и жената антрополошки се заокружуваат како два пола со значајни разлики. Структурата на женскиот род се објаснува со биолошките дадености, без да се зема предвид општествената условеност на нејзината положба: “Што е жената?... како женка - предодредена е за продолжувањето на видот, како цицач - одредена е за одгледување на децата, како примат - потчинета е на мажјакот”. (Moren, 1979:189) Различноста на жената се толкува како нејзина аисторична, природна суштина, при што се запоставуваат фактите дека жената во поголемиот број општества го зазема местото определено според нејзината биолошка, репродуктивна улога.

Доколку се прифати тезата за половата поделба на трудот како “природна”, или “предопштествена”, тогаш припадноста на мажите и жените на различни и строго одвоени сфери, во текот на човековата историја се припишува на неоправданата биологизација и се отстранува како општествено прашање. Тоа значи дека со човековата историја владеат непроменливи биолошки закони, врз кои човековата пракса не може да има влијание. Уште повеќе, сфаќањето за половите улоги како “природни”, имплицира дека тие би требало да останат како такви, да не се менуваат, бидејќи отстапувањето од улогите, првобитно доделени на мажите и жените, би предизвикало повеќе штета, отколку корист.

Оттука произлегуваат и обидите да се разградат постојните судови за “вечните” карактеристики, местото и улогите на половите и да се покаже нивната општествено - културна условеност. Со цел да

се аргументираат ставовите за општествената условеност на половите улоги, се поаѓа од антрополошките податоци кои упатуваат на очигледните разлики во половите улоги во различни општествени заедници (некои занимања кои природно се сметаат за женски, истите во други општества се сметаат за природно машки; во некои општества жените биле поглавари, воини, премиери на држави, учествувале во контролата над важни стопански дејности надвор од домот, итн. (Фридел, 1999; Митерауер, 2005)

Посочувањето на разнообразноста на половите улоги во различни општествени заедници е во функција да се покаже дека различните улоги не се вродени, или генетски предиспонирани, туку се производ на различниот општествен ангажман. Отстапувањата од општите правила за дејностите кои генерално им се припишуваат на едниот, или другиот пол, говори дека поделбата на трудот според полот не претставува антрополошка константа. Поделбата на трудот заснована врз биолошките закони станува темел на половата дискриминација во класните општества, а она што се смета како природна поделба на трудот, всушност, општествено се условува. Во услови на неразвиена технологија и најмалите разлики во поглед на физичката сила биле значајни за половата поделба на трудот, така што таа не е биолошки одредена, туку биосоцијално условена. “Биосоцијалното” значи: “општествено неопходна реакција на биолошките дадености во извесни околности на надворешниот свет”. (Митерауер, 2005: 46) Исклучувањето на жените од доменот на машките дејности, всушност, е социјална реакција на биолошките разлики.

**Вредносните ставови како фактор за половата поделба на трудот**

Направената неправда кон жените и нивната дискриминација - исклученост од важните општествени позиции и признанија, всушност, се должи на погрешното сфаќање за “природните” улоги. Тоа не значи дека се одрекуваат биолошките разлики меѓу мажите и жените (според кои припадници на човековиот род се разликуваат како мажи и жени), туку дека овие разлики добиваат значење на повеќе/помалку вредно во рамките на културно - дефинираните вредносни системи. Во тој дух, Шери Ортнер посочува дека половите улоги не се дело на природата, туку на специфичната културна операција, со која една половина од човековиот род - жените, се доживуваат и се дефинираат како помалку вредни. (Ortner, 2003)

Различното вреднување на придонесот на мажите и жените и второстепената улога на жените произлегува од дихотомијата на приватното и јавното. Жените се ситуираат во приватното, како од понизок ранг статусно подрачје на општественоста, за разлика од јавното, кое им припаѓа на мажите, а во кое доминира “говорот на власта”, авторитетот и моќта (Papić, Ž., Sklevicky

L., 2003). Домашните работи не носат општествена промоција и престиж и се сметаат за помалку вредни и значајни. Историски гледано, и во процесот на пренесувањето на одредени женски дејности на мажите, од приватната во јавната сфера, сепак во вреднувањето на значењето на женскиот труд се придава помала важност.[1] Останува линијата на разграничување на домашните, од вондомашните дејности, меѓу повеќе вреднуваниот машки труд и невреднуваниот женски труд, што е поврзано со престижот.

Дејносите во приватната и јавната сфера вклучуваат определен збир на улоги, однесувања, вредности, активности и атрибути, кои одредено општество ги смета како соодветни за жените и мажите. Прифатените вредносни искази за природата на мажите и жените се во основата на социјалната конструкција на половите улоги, што се очекува од припадниците на еден пол. Тоа значи дека поделбата на трудот меѓу половите, различната распределба на моќта и признанијата за мажите и жените, квалитетот на односите меѓу половите, зависи од општествената и политичката организација на општествата. Доминацијата на мажите[2] и потчинетоста на жените се манифестира на најразлични начини. Степенот и видот на доминацијата значително се разликува од едно до друго општество, но тоа не значи дека таа не е неминовна и дека треба да остане како трајна состојба.

## Женскиот труд и општествениот статус

Дури и да се уништи митот дека човековата биологија допушта тесен избор на машко и женско однесување, машки и женски дејности, тоа не значи дека автоматски ќе ги ослободи мажите и жените во современите општества од обврските, па дури и од желбата да ги исполнуваат улогите што историски се очекуваат од нив. Обрасците на однесувања, настанати врз основа на поделбата на трудот, влијаат на долги патеки. И покрај активизмот на поборниците на женската еманципација, за пречекорување на традиционалните норми на типичното полово однесување, сè уште не се надминати стереотипите[3] за улогите на половите.

Така на пример, сè уште е раширено сфаќањето дека жените не само што ги извршуваат дејностите

[1] Така, на пример, готвењето се смета за женска работа, но ако некоја култура (на пример, Франција или Кина) развие традиција на "вистинско готвење", тогаш врвните готвачи се скоро секогаш мажи.

[2] Машката доминација се дефинира како ситуација во која мажите имаат повластен пристап до најценетите дејности во општеството (иако не секогаш и исклучителни права на нив), а чие извршување овозможува определена мера на контрола над другите (Фридел, 1999: 212).

[3] Родовите стереотипи се психолошки карактеристики коишто се поврзуваат на различен начин со жените и мажите во одделни културни групи. (Чешларов, 2002: 337)

врзани во домот, туку тоа го прават со целосна посветеност, ангажираност и љубов. Домот е нивното “вистинско царство”, а грижата за семејството и домашните работи се сметаат како нивна вистинска интринсична активност, додека за работата надвор од домот, кај жените постои екстринсична мотивираност. Тоа значи дека доколку мажите доволно би заработувале, жените воопшто не би работеле. Жените работат затоа што мораат и кај нив, за разлика од мажите, отсуствува посветеноста на работата надвор од домот. Ваквите сфаќања, кои до денес не се целосно надминати, се аргументираат и со резултатите од анкетите што се спроведени меѓу жени кои работат во фабрики и кои доколку би имале услови, би го прекинале работниот однос. (Ѓуровска, 2008) Тоа, секако, се должи на постојните стереотипи за женски и машки занимања. Мотивираноста за работа надвор од домот не е врзана со припадноста на полот, туку за видот на дејноста. Доколку станува збор за работа поврзана со лична и општествена сатисфакција, во која доаѓа до израз креативноста и самопотврдувањето, тогаш и жените и мажите се интрисично мотивирани. Работата, како за мажите, така и за жените, не значи само економска независност, туку и поле на лично докажување и вреднување и услов за надминување на машката доминација.

Од друга страна, не само што домашните работи се сметаат за типично “женски”, туку и одредени занимања надвор од домот се сметаат како “женски” и помалку достојни за мажите. Така на пример, кога за првпат неквалификуваниот женски труд е вклучен во процесите на производството (во периодот на индустријализацијата, по Првата индустриска револуција), во текстилната индустрија биле вработувани главно жените. Тоа се должело, од една страна на недостаток на ефтина работна сила, а од друга страна, на сфаќањето дека ткаењето е женска работа.

Под поимот женски труд, денес се подразбира професионална активност на жените, што претпоставува платена работа која се одвива надвор од домаќинството и како таква е спротивна на неплатените активности во домаќинството. (Митерауер, 2005: 41) Женскиот труд, како помалку вреден бил и помалку платен - состојба што до денес не е надмината во некои високоразвиени западни општества. Така, прашањето за дискриминација на жените сè уште е актуелно и покрај донесените меѓународни акти за обезбедување еднакви права за мажите и жените[4]. Во изминатата деценија, жените од цел свет лансираа меѓународно движење за правата на жените без предрасуди а, сепак, покрај промените во областа на

[4] Универзалната декларација за правата на човекот на ОН; Европска конвенција за човековите права; Женевската конвенција, Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација кон жените, и др.

меѓународното право и политика, во секојдневната реалност се соочуваат со негирање на нивните фундаментални права. (Права на жените, 2001) Тоа значи дека со самото донесување на законските акти, автоматски не се исклучува родовата дискриминација, и не се обезбедува еднаков третман и еднакво учество на жените во сите сфери на општествениот живот.

Постојните стереотипи се еден од факторите за половата хиерархија која постои и во нашата Република, и покрај заложбите, согласно Европската конвенција и политиките на Европската Унија, да се обезбедат законски регулативи за родова рамноправност (правата загарантирани со Уставот од 1991 година, Законот за еднакви можности на жените и мажите од 2006 година и Националниот план за акција за родова рамноправност, 2007-2012).

Жените сѐ уште се обидуваат да се пробијат во “машкиот свет” (јавната сфера) и да ја покажат својата рамноправност, но кога станува збор за домот и семејството (приватната сфера) се смета за разбирливо дека тие се одговорни за воспитувањето на децата и одржувањето на куќата[5]. Главната бариера во остварувањето на еднаков третман и еднакво учество на жените во сите сфери на општествениот живот и нивниот пробив кон водечките места, претставува традиционалниот модел на патријархалното воспитување на машките и женските деца. Вообичаените претстави за различното воспитување, согласно полот на детето, вредносните судови за местото и улогата на “машкото” и “женското”, свесно, или несвесно, на различни начини се пренесуваат и претставуваат израз на вековната традиција на поделбата на работните задачи на машки и женски, кои, пак, погрешно се доведуваат во корелација со половата припадност. Затоа, во процесот на воспитанието треба да се бара појдовната точка за промените, чија цел е еманципацијата.

**Образованието како фактор за јакнење на еднаквоста / нееднак-воста меѓу половите**

Образованието е еден од клучните сегменти во процесот на воспитанието и социјализацијата, кое придонесува во формирањето на личните погледи и начинот на однесување. Во процесот на образованието, учениците/ученичките како припадници на различни полови го градат својот психолошко-социјален идентитет.

Започнатите реформи во образовниот систем, преку реализирање акциони проекти, се дел од динамич-

[5] Резултатите од спроведеното истражување за родовите стереотипи меѓу средношколците во Македонија, во 2000 година, покажуваат дека 74,41% од испитаниците сметаат дека главната улога на жената е во домот; 56,30% од испитаниците го прифаќаат ставот дека мажот е привилегиран при вработувањето во општеството, а 64,17% сметаат дека е неприродно жената да има поголема плата од мажот. (Чешларов, 2002)

ните политички, економски и социјални промени што се случуваат во Република Македонија, а согласно современите меѓународни текови за унапредување на човековите права и слободи. Во тие процеси една од основните задачи на образованието е надминувањето на традиционалната поделба на машко - женски улоги во општеството, како начин за еднакво и активно вклучување на мажите и жените во различните домени на општествениот живот. (Адамова, 2003)

Традиционално вкоренетите стереотипи за “машки” и “женски” професии, се една од причините за родовиот дисбаланс кој сѐ уште постои во нашиот образовен систем во однос на изборот на видот на образование, и покрај тоа што во однос на вклученоста во сите степени на образование, според досегашните статистички податоци, не постои родов дисбаланс.[6] (Национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012, 2007:36)

Од друга страна, ваквиот родов дисбаланс се должи на големиот број стереотипи кои сѐ уште постојат во образовната литература, како и на недоволно инкорпорираниот концепт на родовата рамнопраност во наставните програми и надвор од наставните активности. Прашањето за односот меѓу половите и положбата на жената е запоставено, а сликата на жената што преовладува во општествените науки е нецелосна, искривена, или поедноставена. Отсуствува подетална анализа на социјалната конструкција на родот, што придонесува во градењето на судовите за “вечните” карактеристики, местото и улогите на половите. Може да се забележи еден специфичен вид сегрегација по полот, при што се истакнуваат, препознаваат и сосема се евидентни интересите и активностите на мажите.

Имајќи ја предвид клучната улога на образованието во подигањето на свеста и надминувањето на предрасудите и постојните стереотипи, неопходно е да се направат порадикални чекори за коригирање на постојниот начин на интерпретација и за поцелосно интегрирање на проучувањето на жената во општата теорија на општеството и културата. Тоа подразбира да се преточи во дело стратешката цел на Акциониот план за родова рамноправност, за редизајнирање на учебниците, учебните помагала и наставните програми, со цел да се надминат и отстранат родовите стереотипи и воведување нови содржини со родова компонента, насочени кон новите хоризонти во анализата на половоста и подобрувањето на

[6] Така, на пример, во средното образование многу е мал бројот на девојчињата кои се запишуваат во техничките пара□елки. Во високото образование се забележува зголемување на бројот на студентки што се запишуваат на техничките факултети, но сé уште е мал бројот на студенти кои се запишуваат на Педагошкиот факултет, или, пак, на Институтот за педагогија на Филозофскиот факултет во Скопје. Родов дисбаланс постои скоро во сите високообразовни институции во нашата Република.

општествениот статус на жената. (Национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012, 2007)

На овој план, Филозофскиот факултет во Скопје, следејќи ги современите светски текови за воведување и спроведување родово сензитивно образование, направи чекор во насока на подигнувањето на свеста, едукацијата и сензибилизацијата - постојните наставни планови и програми ги збогати со новосоздадени дисциплини во кои е инкорпорирана родовата проблематика. Институционалниот напредок на Филозофскиот факултет во борбата против родовата дискриминација, посебно го означува основањето на Инситутот за родови студии, кои се првите додипломски студии од ваков вид во нашата Република и пошироко на Балканот.

Сепак, и покрај значителните напори на Филозофскиот факултет, тоа не значи дека се остварени сите цели во постигнувањето на родовата еднаквост. И натаму остануваат голем број нерешени прашања кои ја налагаат потребата од преземање конкретни и охрабрувачки мерки во однос на уписната политика за надминување на постојниот родов дисбаланс при изборот на студиите, за надминување на стереотипите во образовната литература, но и за надминување на стереотипите својствени за дел од наставниот кадар.

**Заклучок**

Напорите насочени кон менување на културните претпоставки по пат на ревизија на образовните материјали, или по пат на утврдување квота при вработувањето, не можат да бидат успешни, доколку и мажите и жените подеднакво не се вклучат во проектите на создавање поинаква стварност, со поинакви културни видувања. Традиционалната патријархална матрица во уредувањето на односите меѓу половите, претставува реална пречка во остварувањето на фактичката родова рамноправност. Сé додека жената универзално “се дефинира во границите на својата, главно, мајчинска и домашна улога, може да се говори за нејзината универзална потчинетост”. (Papić, 2003: 23) Тоа, всушност, е конкретизација на познатата Марксова теза дека степенот на женската еманципација е природна мера на општата еманципација.

Биолошката природа не треба да биде тесна рамка што го ограничува човечкиот организам, туку широка основа врз која можат да се изградат разновидни структури, со цел да се обезбеди родова еднаквост во поглед на можностите и да се прошири изборот на опции достапни на мажите и жените.

**Користена литература**

Адамова, Д. (2003) “Учество на родовите во демократските процеси во образованието и нивната социјална компетентност” , во: Колозова, К.

(ур) *Истражувања од областа на родовите студии,* (том 2/3) Скопје: Euro Balkan.

Vajninger, O. (1998) *Pol i karakter*, Beograd: Narodna knjiga Alfa.

Ѓуровска, М. (2008) *Социологија на женскиот труд,* Скопје: Филозофски факултет.

Engels, F. (1950) *Poreklo porodice, privatne svojine i države*, Beograd: Kultura.

Митерауер, М. (2005) *Европското семејство - историско-антрополошки огледи, Скопје: Слово.*

Moren, E. (1979) *Duh vremena,* (tom 2) Beograd: BIGZ.

Ortner, Š. (2003) “Žena spram muškarca kao priroda spram kultura”, во: Papić, Ž., Sklevicky L. (ur.) *Antropologija žene,* Beograd: Biblioteka XX vek.

Papić, Ž., Sklevicky L. (ur.) (2003) *Antropologija žene,* Beograd: Biblioteka XX vek.

Tomić, .Z, (2001) *Muški svet*, Beograd: Zepter, Book World.

Фридел, Е. (1999) “Расправа за одредниците на половите улоги”, во: Марковска, С., Симоновска, С. (ур.) *Антропологија - зборник текстови,* Скопје: Догер.

Чешларов, М., (2002) “Родовите стереотипи меѓу средношколците во Македонија”, во: Колозова, К. (ур) *Истражувања од областа на родовите студии,* (том 1.), Скопје: Euro Balkan.

Закон за еднакви можности на жените и мажите. “Сл. весник на РМ”, бр. 66/06.

Национален план за акција за родова рамноправност 2007-2012. (2007) Скопје.

Права на жените: чекор по чекор. (2001) Скопје: Магор.

# Gender division of labour – Factor of Discrimination Against Women


## Summary

Gender division of labour is a key category when trying to explain women's role in all social relations. The position held by individuals in the distribution of power is a direct result of the position they hold in the division of labour. That is why this study is focused on the causes which bring about gender segregation and establish male domination. Through analyses of the biosocial conditions for the gender division of labour and the valued opinions of "man's" and "woman's" place in all cultural and economic aspects of human life, the aim is to uncover the hidden mechanisms of discrimination against women.

The attempt at such a transhistorical generalization of the gender relations is aimed at uncovering the existing gender hierarchy which still exists in Macedonia, despite all the laws for equality between men and women. In order to explain the gender asymmetry, one of the issues which this study focuses on is: How much does education, as one of the key segments in the social processes, contribute to gender equality / inequality and to gender sensitization of young people as a condition of strengthening gender equality?

Taking into account the term division of labour as a key category, this study contains: a short historical retrospect of the biosocial conditions for the division of labour according to gender and the roles of the genders; valued opinions as a factor in gender division of labour and creating stereotypes of men's and women's professions; women's labour and their social status; men's domination and the division of labour; education as a factor in strengthening gender equality / inequality.


**Keywords:** gender division of labour, gender roles, discrimination agains women, male domination, gender equality.

**Проф. д-р Михајло Поповски**
**М-р Катерина Наумова**

УДК 316.647.82 : 616.89

**Институт за психологија, Филозофски факултет**
**Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје**

# Стигматизација на лица болни од шизофренија и на зависници од дрога и алкохол

**РЕЗИМЕ**

Стигматизацијата на лица со нарушено ментално здравје е присутна кај голем дел од општата популација, вклучувајќи ги и студентите. Во овој труд се презентираат резултати од емпириско истражување на особеностите на стигматизацијата кај дел од студентската популација, во однос на лица со различни нарушувања на менталното здравје, т.е. на лице болно од шизофренија, зависник од дрога и зависник од алкохол. Резултатите од истражувањето, општоземено, покажуваат дека студентите повеќе ги стигматизираат зависностите, отколку шизофренијата. Појавата на зависностите тие ја објаснуваат повеќе како последица на лична одговорност и вина, заради што кај нив се јавува и поголемо чувство на лутина, поголем страв и поизразена склоност за избегнување контакти со зависници. Наспроти тоа, студентите помалку ја припишуваат појавата и контролабилноста на шизофренијата на внатрешни фактори и повеќе го сожалуваат лицето болно од шизофренија. Но, сепак, сметаат дека тоа лице најмногу треба да биде социјално изолирано и присилено на лекување. Истражувањето откри дека кај студентите постојат и две спротивставени тенденции: од една страна, тие искажуваат подготвеност за помагање на лицата со нарушено ментално здравје, а од друга страна, пак, кај нив постои истакната тенденција за нивно дискриминирање.

***Клучни зборови:*** *стигматизација, дискриминација, нарушување на ментално здравје, атрибуција*

## Вовед

Истражувањата спроведени во последните три децении покажуваат дека и покрај зголемениот број сознанија за природата и за особеностите на менталните болести, кај голем дел од општата популација сé уште е присутна истакната стигматизација на лицата со нарушено ментално здравје. Некои автори дури наведуваат дека стигматизацијата на овие лица во овој период, всушност, и се зголемила (Pescosolido et al. 1999, според Corrigan et al., 2002).

Стигматизацијата на менталните болести е сложен феномен кој обично се состои од три компоненти: стереотипи, предрасуди и дискриминација. *Стереотипите* се колективно прифатени верувања за карактеристиките на припадниците на одделни социјални групи. Овие верувања овозможуваат брзо категоризирање на информациите и создавање општи импресии и очекувања за лицата кои припаѓаат на определена група. Најчести стереотипи за ментално болните лица се верувањата дека тие се опасни и одговорни за тоа што се разболеле и дека поради тоа заслужуваат да бидат обвинети и изолирани. *Предрасудите,* како негативни ставови кон припадниците на некоја група, се поврзани со стереотипите и, по правило, генерираат негативни емоционални реакции. На пример, ментално болните лица не само што може да се перцепираат како нападни и насилни, туку се доживуваат и како лица кои предизвикуваат страв и вознемиреност кај другите. Стереотипите и предрасудите често резултираат со неоправдани и неправедни постапки, т.е. со дискриминација на припадниците на определена група. *Дискриминацијата* на ментално болните лица може да се јави во различни форми: принуда, сегрегација, хостилно однесување, воздржување од помагање, избегнување, и сл. Секоја форма на дискриминација, всушност, вклучува и тенденција на социјално избегнување и неподготвеност за стапување во каква била интеракција со ментално болните лица.

Актуелните истражувања покажуваат дека различните форми на дискриминација на ментално болните лица може да бидат значајно посредувани од атрибуциите, т.е. од каузалните објаснувања на болеста што ги создаваат луѓето кога се соочуваат со такви лица. Според моделот на атрибуцијата на Вајнер (Weiner, 1995, според Corrigan et al., 2002; 2003), однесувањето на луѓето кон овие лица е определено од еден когнитивно-емоционален процес кој започнува со создавање атрибуции за причината и контролабилноста на нивната болест, што доведува до изведување судови и за нивната одговорност за состојбата во која се наоѓаат. Овие судови може да побудат одредени емоционални реакции, како што се, на пример, лутина или сожалување, кои потоа влијаат врз веројатноста на преземањето одре-

дени постапки. Значи, доколку некое лице со нарушено ментално здравје е видено како лице кое има одреден степен одговорност и контрола над она што му се случува, голема е веројатноста дека тоа ќе предизвика лутина кај другите, која потоа може да доведе до избегнување на контактите со него, па дури и до преземање постапки за негово изолирање. Од друга страна, пак, ако на лицето не му се припишува одговорност (вина) за состојбата во која се наоѓа, т.е. ако на состојбата се гледа како на нешто што е надвор од негова контрола, многу е веројатно дека тоа ќе предизвика сожалување кај другите и на тој начин ќе доведе до преземање одредени просоцијални постапки со кои би се подобрила неговата благосостојба.

Имајќи предвид дека овој модел се користи од неодамна како концептуална рамка за објаснување на стигматизацијата на лица со нарушено ментално здравје, досегашните истражувања сé уште не обезбедуваат доволно докази за претпоставената каузална структура на стигматизацијата. На пример, во едно истражување на Мартин и сор. (Martin et al., 2000, според Corrigan et al., 2003) е откриено дека припишувањето лична одговорност за појавата на нарушувањето на менталното здравје довело до зголемување на социјалната дистанца, додека неприпишувањето лична одговорност било поврзано со намалување на социјалната дистанца. Во едно друго истражување, пак, на Кориган и сор. спроведено во 2001 година, утврдено е постоење негативна поврзаност меѓу чувството на лутина и подготвеноста за помагање, но не е откриена поврзаност меѓу припишувањето одговорност и помагањето, ниту меѓу припишувањето одговорност и емоционалните реакции (Corrigan et al., 2003).

Во литературата се наведува уште еден модел кој е конципиран со намера да овозможи дообјаснување на појавата на стигматизацијата во однос на нарушувањата на менталното здравје (Corrigan et al., 2002). Според овој модел, кој, всушност, претставува дополнување на моделот на Вајнер, основен фактор за дискриминирање на лицата со нарушено ментално здравје е перцепцијата на овие лица како опасни. Во досегашните истражувања е потврдена поврзаноста на перцепцијата на опасноста и каузалните атрибуции за нарушувањата на менталното здравје. Во веќе спомнатото истражување на Мартин и сор., откриено е дека испитаниците ги перципирале како опасни оние лица за кои сметале дека се виновни за појавата на своите тешкотии со менталното здравје. Исто така, Бојсверт и Фауст (Boisvert and Faust, 1999, според Corrigan et al., 2003), истражувајќи ги реакциите кон лице болно од шизофренија, кое било опишано како насилно, но во контекст на неповолни надворешни услови, утврдиле дека неговото однесување било проценето како помалку опасно и условено од надворешни фактори.

Ваквите наоди упатуваат на

заклучокот дека кога се проценуваат како опасни лицата со нарушено ментално здравје, поголема е веројатноста тие, истовремено, да се доживуваат и како одговорни за состојбата во која се наоѓаат, што натаму резултира со нивно социјално отфрлање. Од друга страна, пак, според овој модел, перцепцијата на опасност може да доведе до социјално отфрлање, поради стравот предизвикан од заканата за личната безбедност. На тој начин перцепцијата на опасност што предизвикува страв може да резултира со дискриминација, независно од каузалното објаснување за појавата на нарушувањето. Во повеќе наврати е утврдено постоење поврзаност меѓу перцепцијата на лицата со нарушено ментално здравје како опасни и појавата на страв од нив (Link & Cullen 1986; Levey & Howells 1995; Angermeyer & Matschinger 1996; Wolff et al. 1996, според Corrigan et al., 2002), како и меѓу стравот од нивното опасно однесување и избегнувањето каква било интеракција со нив (Madianos et al. 1987; Levey and Howells 1995, според Corrigan et al., 2002).

Покрај тоа, во досегашните истражувања во кои се вршени споредби во поглед на структурата на стигматизацијата на одредени видови нарушувања на менталното здравје, откриено е дека луѓето се повеќе склони да ги стигматизираат зависниците (особено зависниците од алкохол), отколку лицата со други видови нарушувања на менталното здравје (на пр. лицата болни од депресија, шизофренија, фобија, итн.). Припишувањето одговорност, перцепцијата на опасност и нагласеното чувство на лутина, обично се поприсутни во стигматизацијата на зависниците, додека намалената контролабилност на нарушувањето, сожалувањето и подготвеноста за помагање, се почести компоненти на стигматизацијата на лицата кои страдаат од друг вид нарушувања на менталното здравје (Corrigan et al., 2005).

Со оглед на тоа што во Република Македонија досега не се направени поопсежни истражувања на стигматизацијата на лица со нарушено ментално здравје, ова истражување претставува еден од првичните обиди за стекнување систематски сознанија за особеностите на овој феномен. Поточно, целта на истражувањето е прво да ги идентификува, а потоа и да ги спореди особеностите на стигматизацијата кај дел од студентската популација, во однос на лица со различни нарушувања на менталното здравје, т.е. на лица болни од шизофренија, на зависници од дрога и на зависници од алкохол.

## МЕТОД

### Испитаници

Истражувањето е извршено на пригоден примерок од 221 испитаник. Испитаниците се студенти на различни студиски групи на два факултета на Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Две третини од испитаниците (69%) се студен-

ти на Филозофскиот факултет (т.е. на институтите за психологија, за социјална работа и социјална политика, за дефектологија и за историја), додека една третина (31%) се студенти на Правниот факултет (т.е. на правни и на политички студии). Притоа, најголемиот дел од нив се студенти на трета година (72%), а значајно помал број се студенти на втора (22%) и четврта година (5%). Просечната возраст на испитаниците е 22 години. Во однос на полот, во примерокот доминираат испитаници од женски пол (71%), додека во однос на местото на живеење, речиси сите испитаници живеат во градски населби (90%).

### Инструмент и постапка

Податоците за стигматизацијата на лицата со нарушено ментално здравје, т.е. на лице болно од шизофренија и на зависници од дрога и алкохол, се прибирани со *Прашалник за атрибуција,* изготвен од Кориган и сор. (Attribution Questionnaire-27, Corrigan et al., 2003). Прашалникот се состои 27 ставки, распределени во девет супскали преку кои се врши процена на три групи фактори на стигматизацијата: *ставови* (припишување вина, т.е. лична одговорност за нарушеноста на менталното здравје и перцепција на опасноста од лицата со нарушено ментално здравје), *емоционални реакции* (појава на чувства на страв, лутина и сожалување кон лицата со нарушено ментално здравје) и *однесување* (подготвеност за помагање, избегнување, сегрегација и присилно лекување на овие лица). Секоја од деветте супскали се состои од 3 ставки на кои одговорите се даваат на деветстепена скала на процена, при што најнизок можен скор на супскалата е 3, а највисок е 27. Одговорите на ставките, испитаниците ги даваа во три наврати и во однос на три хипотетски описи на лице болно од шизофренија, на зависник од дрога и на зависник од алкохол. Со цел да се избегне потенцијалното влијание на редоследот на описите врз одговарањето, беа подготвени прашалници со сите можни варијанти на редоследот на описите.

Покрај *Прашалникот за атрибуција*, на испитаниците им беа поставени и прашања за неколку социодемографски обележја, т.е. за нивниот пол, возраст, факултет/студиска програма, година на студирање и за местото на постојано живеење. Прибирањето на податоците се вршеше групно во просториите на факултетите каде што студираат испитаниците, во април 2009 година.

## РЕЗУЛТАТИ

### Истакнатост на факторите на стигматизацијата.

Истакнатоста на факторите на стигматизацијата на лицата со нарушено ментално здравје, т.е. на лицето болно од шизофренија, на зависникот од дрога и на зависникот од алкохол, изразена преку аритметичките средини на скоровите на сите испитаници на деветте супскали на прашалникот за атрибуција, прика-

жана е во табела 1. Покрај вредностите на аритметичките средини, во табелата се прикажани и резултатите од проверката на значајноста на разликите меѓу нив и резултатите од post hoc споредбите.

Со разгледување на варијациите во истакнатоста на факторите, во рамките на секое нарушување на менталното здравје може да се забележи дека кај испитаниците, општо земено, постои тенденција на диференциран пристап во проценување на лицата. Ова посебно се однесува на процените на лицето болно од шизофренија, при што вредностите на аритметичките средини се движат во опсег од 10,17 (припишување вина) до 22,04 (присилно лекување), додека во другите два случаја вредностите се движат од 15,07 (страв), до 22,36 (присилно лекување), односно од 14,30 (страв), до 21,18 (присилно лекување).

Проверката, пак, на значајноста на разликите меѓу аритметичките средини на скоровите на факторите при споредувањето на процените на трите лица, открива дека кај испитаниците постои и тенденција за диференцирана стигматизација на нарушувањата на менталното здравје. F-тестот на значајноста на разликите на повторени мерења, покажува дека испитаниците различно ги проценуваат трите лица во однос на сите фактори на стигматизацијата, освен на факторот помагање.

**Табела 1.** ***Значајност на разлики во истакнатоста на факторите на стигматизацијата на лица со различни нарушувања на менталното здравје***

| **Фактори на стигматизација** | **Лице болно од шизофренија (1)** | **Зависник од дрога (2)** | **Зависник од алкохол (3)** | **F** | **Sig** | **Post hoc Споредби** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | M (SD) | M (SD) | M (SD) | | | |
| **1. Прип. вина** | 10.17 (4.30) | 19.86 (4.24) | 20.56 (4.18) | 361.16 | .000** | 1 < 2 < 3 |
| **2. Пер. на опас.** | 14.87 (6.56) | 16.95 (6.54) | 16.28 (6.01) | 8.13 | .000** | 1 < 2,3 |
| **3. Лутина** | 12.77 (5.91) | 16.22 (6.19) | 16.55 (5.76) | 38.25 | .000** | 1 < 2,3 |
| **4. Сожалување** | 18.55 (5.31) | 15.41 (6.00) | 15.09 (5.72) | 49.00 | .000** | 1 > 2, 3 |
| **5. Страв** | 13.43 (6.79) | 15.07 (6.99) | 14.30 (5.48) | 5.30 | .006** | 1 < 2 |
| **6. Помагање** | 19.91 (5.83) | 19.44 (6.26) | 19.95 (5.84) | 1.71 | .183 | 1 =2 = 3 |
| **7. Избегнување** | 16.84 (5.76) | 18.99 (5.58) | 18.22 (6.18) | 15.52 | .000** | 1 < 3 < 2 |
| **8. Сегрегација** | 20.02 (5.75) | 18.33 (6.79) | 15.79 (6.61) | 39.70 | .000** | 1 > 2 > 3 |
| **9. Прис. лекув.** | 22.04 (4.93) | 22.36 (5.11) | 21.18 (5.55) | 8.62 | .000** | 1,2 > 3 |

***** p<0.01***

Со оглед на тоа дека станува збор за значајност на разлики меѓу три аритметички средини, направени се дополнителни споредби за да се утврдат изворите на разликите. Имено, според резултатите од дополнителните споредби, произлегува дека во однос на првиот фактор

испитаниците го сметаат зависникот од алкохол како најодговорен, т.е. највиновен за нарушувањето на неговото ментално здравје. Помала вина му припишуваат на зависникот од дрога, а најмала на лицето болно од шизофренија. Зависникот од дрога и зависникот од алкохол се перципирани и како значајно поопасни од лицето болно од шизофренија. Првите две лица предизвикуваат и повисок степен на лутина кај испитаниците, во споредба со лутината што ја предизвикува лицето болно од шизофренија. Но, ова лице тие повеќе го сожалуваат во споредба со другите две лица. Во однос на емоцијата страв, не постои разлика во исплашеноста на испитаниците од лицата зависници. Единствено тие се повеќе исплашени ако се во близина на зависник од дрога, отколку ако се во близина на лице болно од шизофренија. Во однос на другите фактори на стигматизацијата, евидентно е дека испитаниците најмногу се стремат да го избегнуваат лицето зависник од дрога, помалку зависникот од алкохол, а најмалку лицето болно од шизофренија. Во однос на сегрегацијата, пак, постои спротивна тенденција. Отстранувањето од социјалната средина е најмногу изразено во однос на лицето болно од шизофренија, помалку во однос на зависникот од дрога, а најмалку во однос на зависникот од алкохол. И конечно, испитаниците повеќе се склони да преземат активности за присилно лекување кога станува збор за зависник од дрога и лице болно од шизофренија, а помалку во случајот на зависник од алкохол.

## Меѓусебна поврзаност на факторите на стигматизацијата.

Проверката на меѓусебната поврзаност на факторите на стигматизацијата е направена за секое нарушување на менталното здравје засебно. Резултатите од проверките табеларно се прикажани според следниов редослед: прво се претставени корелациите меѓу факторите на стигматизацијата во однос на лицето болно од шизофренија, потоа во однос на зависникот од дрога и, на крај, во однос на зависникот од алкохол.

**Табела 2.** ***Меѓусебна поврзаност на факторите на стигматизацијата во однос на лицето болно од шизофренија***

| | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Пр. вина** | --- | | | | | | | | |
| **2. Пер. на опас.** | .06 | --- | | | | | | | |
| **3. Лутина** | **.16*** | **.73**** | --- | | | | | | |
| **4. Сожалување** | -.04 | **.16*** | **.12*** | --- | | | | | |
| **5. Страв** | .09 | **.89**** | **.75**** | **.14*** | --- | | | | |
| **6. Помагање** | .04 | **-.24**** | **-.20**** | **.43**** | **-.24**** | --- | | | |
| **7. Избегнување** | .04 | **.63**** | **.48**** | .02 | **.57**** | **-.37**** | --- | | |
| **8. Сегрегација** | .10 | **.61**** | **.45**** | **.28**** | **.57**** | -.06 | **.52**** | --- | |
| **9. Прис. лекув.** | .07 | **.45**** | **.30**** | **.30**** | **.43**** | -.03 | **.39**** | **.79**** | --- |

** p<0.05 ** p<0.01*

Врз основа на пресметаните коефициенти на корелација меѓу факторите на стигматизацијата, во однос на лицето болно од шизофренија (табела 2), може да се заклучи дека, речиси, сите фактори меѓусебно се поврзани, и тоа во повеќето случаи позитивно, а само во неколку случаи негативно. Единствено факторот припишување вина за појавата на менталното нарушување е поврзан само со еден фактор, т.е. со доживувањето лутина кон болното лице (r=.16). Оваа поврзаност, иако е значајна, многу е послаба во споредба со повеќето поврзаности меѓу факторите. Сосема е поинаков случајот со факторот перцепирање опасност кој е значајно поврзан со сите други фактори на стигматизацијата, освен со припишувањето вина. Перцепцијата на опасност во однос на лицето болно од шизофренија е најсилно поврзана со чувствата на страв (r=.89) и лутина (r=.73), а послабо со чувството на сожалување на лицето (r=.16). Понатаму, доживувањето на ова лице како опасно е поврзано и со тенденциите за негово избегнување (r=.63), сегрегирање (r=.61) и присилно лекување (r=.45). Овој фактор е негативно поврзан со помагањето (r=-.24), а тоа значи дека со перцепирањето на лицето како поопасно се намалува подготвеноста за преземање постапки со кои би му се помогнало.

Значајна поврзаност постои и меѓу факторите кои се однесуваат на емоционалните реакции. Најсилна е поврзаноста меѓу чувството на лутина и чувството на страв (r=.75), а послаба меѓу секое од овие чувства и сожалувањето на лицето болно од шизофренија (r=.12 и r=.14). Кога станува збор за поврзаноста на овие чувства со помагањето, единствено само чувството на сожалување е позитивно поврзано со помагањето (r=.43), додека чувството на страв и чувството на лутина се негативно поврзани со помагањето (r=-.24 и r=-.20). Покрај тоа, двете, од трите проценувани чувства, се значајано поврзани со истакнатоста на тенденциите за дискриминирање. Чувството на страв е поврзано со трите вида дискриминација, т.е. со избегнувањето (r=.57), сегрегацијата (r=.57) и присилното лекување (r=.43), додека чувството на сожалување е поврзано само со два вида дискриминација, т.е. со сегрегацијата (r=.28) и со присилното лекување (r=.30). Поврзаноста е присутна и меѓу трите вида дискриминација, односно меѓу сегрегацијата и тенденцијата за присилно лекување (r=.79), меѓу избегнувањето и сегрегацијата (r=.52) и меѓу избегнувањето и присилното лекување (r=.39).

Во табела 3 се наведени коефициентите на корелација меѓу факторите на стигматизацијата во однос на зависникот од дрога и од неа јасно се гледа дека постојат поинакви констелации на поврзаностите меѓу факторите. На пример, оценувањето на ова лице како виновно за своите тешкотии со менталното здравје е значајно поврзано со повеќе од еден фактор, т.е. со присуството на лутина (r=.20) и отсуството на сожалување (r=-.19), а потоа со перцепција-

та на лицето како опасно (r=.13) и со тенденцијата за негово избегнување (r=.11) и присилно лекување (r=.12). Овие поврзаности, иако се значајни, очигледно не се толку силни како во случајот со поврзаностите на доживувањето на лицето како опасно, со чувството на страв од него (r=.90) и чувството на лутина кон него (r=.78), како и со тенденцијата за негово избегнување (r=.58), сегрегирање (r=.70) и присилно лекување (r=.46). Утврдена е силна поврзаност и меѓу чувствата на страв и лутина (r=.74). Интересно е што и при процените на ова лице, чувството на сожалување е позитивно поврзано со подготвеноста за негово помагање (r=.60). Но, за разлика од процените на лицето болно од шизофренија, во овој случај чувството на сожалување е исклучително негативно поврзано со другите фактори, т. е. со припишувањето вина (r=-.19), со перцепцијата на опасност (r=-.13), со лутината (r=-.16), со избегнувањето (r=-.40) и со сегрегацијата (r=-.17). Ова чувство не е поврзано само со чувството на страв и присилното лекување.

**Табела 3.** ***Меѓусебна поврзаност на факторите на стигматизацијата во однос на лицето зависник од дрога***

| | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Пр.вина** | --- | | | | | | | | |
| **2. Пер. на опас.** | **.13*** | --- | | | | | | | |
| **3. Лутина** | **.20**** | **.78**** | --- | | | | | | |
| **4. Сожалување** | **-.19**** | **-.13*** | **-.16*** | --- | | | | | |
| **5. Страв** | .09 | **.90**** | **.74**** | -.10 | --- | | | | |
| **6. Помагање** | .04 | **-.24**** | **-.25**** | **.60**** | **-.28**** | --- | | | |
| **7. Избегнување** | **.11*** | **.58**** | **.51**** | **-.40**** | **.56**** | **-.50**** | --- | | |
| **8. Сегрегација** | .10 | **.70**** | **.57**** | **-.17**** | **.65**** | **-.22**** | **.55**** | --- | |
| **9. Прис. Лекув.** | **.12*** | **.46**** | **.35**** | -.06 | **.41**** | -.09 | **.35**** | **.57**** | --- |

**** p<0.05 ** p<0.01***

Најслични поврзаности меѓу факторите при процените на лицето зависник од дрога со лицето болно од шизофренија се јавуваат во однос на помагањето. Имено, покрај споменатата позитивна поврзаност на помагањето со чувството на сожалување, овој фактор е негативно поврзан со перцепцијата на опасност (r=-.24), со чувството на лутина (r=-.25), со чувството на страв (r=-.28), со избегнувањето (r=-.50) и со сегрегацијата (r=-.28). Исто така, идентична е и поврзаноста меѓу трите фактори на дискриминацијата, т.е. сите тие се меѓусебно позитивно поврзани.

**Табела 4.** ***Меѓусебна поврзаност на факторите на стигматизацијата во однос на лицето зависник од алкохол***

| | 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. Пр.вина** | --- | | | | | | | | |
| **2. Пер. на опас.** | .10 | --- | | | | | | | |
| **3. Лутина** | **.20**** | **.68**** | --- | | | | | | |
| **4. Сожалување** | **-.13*** | .01 | .05 | --- | | | | | |
| **5. Страв** | .05 | **.86**** | **.63**** | .08 | --- | | | | |
| **6. Помагање** | .06 | **-.11*** | -.05 | **.56**** | -.08 | --- | | | |
| **7. Избегнување** | .09 | **.53**** | **.42**** | **-.24**** | **.49**** | **-.37**** | --- | | |
| **8. Сегрегација** | .02 | **.60**** | **.39**** | -.04 | **.53**** | **-.11*** | .47** | --- | |
| **9. Прис. лекув.** | **.20**** | **.40**** | **.31**** | **.16*** | **.40**** | **.13*** | **.31**** | **.54**** | --- |

**** p<0.05 ** p<0.01***

Кога станува збор, пак, за лицето зависник од алкохол, вредностите и насоката на пресметаните корелации (табела 4) покажуваат одредени сличности со она што е утврдено во случајот со лицето зависник од дрога. Припишувањето вина на ова лице за состојбата во која се наоѓа е поврзано со чувството на лутина (r=.20), со отсуството на сожалување (r=-.13), како и со склоноста за негово присилно лекување (r=.20). Но, за разлика од процените на зависникот од дрога, овде не се јавуваат поврзаности со перцепцијата на опасност и со избегнувањето. Перцепцијата на зависникот од алкохол како опасен е поврзана со шест, од осумте фактори на стигматизацијата, и тоа на идентичен начин, како и во случајот со зависникот од дрога. Единствената разлика се јавува само во однос на сожалувањето, кое не е поврзано со перцепцијата на опасноста. Чувството на лутина е позитивно поврзано со чувството на страв (r=.63) и со трите фактори на дискриминацијата (r=.42, r=.39 и r=.31). Интересно е тоа што ова чувство не е поврзано со помагањето како во случајот со процените на другите две лица со нарушено ментално здравје. Чувството на сожалување на зависникот од алкохол, од една страна, е поврзано со неговото помагање (r=.56) и со неговото помало избегнување (r=.-24), а од друга страна и со подготвеноста за негово присилно лекување (r=.16). Чувството на страв, како и во претходните два случаја, најсилно е поврзано со перцепцијата на лицето како опасно (r=.86). Тоа, исто така, е поврзано и со склоноста за негово избегнување (r=.49), сегрегирање (r=.53) и присилно лекување (r=.40). Во однос на факторот помагање, утврдено е дека помагањето позитивно корелира со присилното лекување (r=.13), но тоа не е поврзано со чувството на лутина како при процените на другите две лица. Што се однесува, пак, до факторите на дискриминацијата, и во овој случај трите фактори се меѓусебно позитивно поврзани.

## ДИСКУСИЈА

Испитувањето на стигматизацијата на три вида нарушувања на менталното здравје - шизофренија, зависност од дрога и зависност од алкохол - кај дел од студентската популација во Република Македонија покажа дека студентите во различен степен и на поинаков начин ги стигматизираат лицата со такви нарушувања. Имено, добиените резултати покажуваат дека студентите повеќе ја стигматизираат зависноста од супстанции, отколку шизофренијата, иако во јавноста шизофренијата е обележана како најтешка форма на ментално нарушување. Гледано од аспект на моделот на атрибуцијата на Вајнер, истражувањето потврди дека појавата на зависностите (особено зависноста од алкохол), за разлика од појавата на шизофренијата, во поголем степен се припишува на внатрешни фактори, т.е. на лична одговорност и вина. Покрај тоа, кај студентите постои тенденција за доживување и на поистакнато чувство на лутина кон зависниците, додека

кон лицето болно од шизофренија, поистакната е тенденцијата за негово сожалување. Зависникот од дрога, исто така, се проценува како поопасен од лицето болно од шизофренија, а со тоа и како лице кое предизвикува поголем страв.

Кај студентите постојат разлики и во однос на дискриминацијата на лицата со нарушено ментално здравје. Во согласност со моделот на атрибуцијата на Вајнер, но и со моделот за процена на опасност, студентите повеќе се склони да избегнуваат контакти со зависници (особено со зависници од дрога) отколку со лица болни од шизофренија. Покрај тоа, студентите го сметаат присилното лекување како најдиректна форма на дискриминација, соодветно за трите вида нарушување. Но, ако се прави споредба меѓу испитуваните нарушувања, присилното лекување се проценува како посоодветно за лица болни од шизофренија и за зависници од дрога, а помалку за зависници од алкохол. Слична тенденција е утврдена и во поглед на сегрегацијата. Студентите сметаат дека институционализираното лекување надвор од социјалната заедница е најсоодветна форма на лекување за лица болни од шизофренија, помалку соодветна за зависници од дрога, а најмалку соодветна за зависници од алкохол. Во врска со присилното лекување и сегрегацијата, наодите во некои истражувања покажуваат дека јавноста ги преферира овие форми на дискриминација, посебно во однос на лица кои се перцепираат како опасни (Pescosolido et al. 1999; Torrey and Zdanowicz 2001, според Corrigan et al., 2003). Тоа што во ова истражување е откриено дека за лицето болно од шизофренија треба да се примени присилно лекување и изолирање, а истовремено на него не се гледа како на лице кое е многу опасно, значи дека студентите, веројатно, на шизофренијата ѝ припишувале некои други карактеристики кои за нив биле порелевантни при неговото дискриминирање.

Едно можно објаснување на ваквиот наод произлегува од две обемни студии за стигматизацијата (Taylor & Dear, 1980; Brockington et al., 1993 според Holmes et al., 1999) во кои е утврдено дека постојат три фактори што ги определуваат ставовите во врска со стигматизацијата: а) *авторитарност* - лицата со нарушено ментално здравје се неодговорни, затоа нивните животни одлуки треба да бидат донесени од страна на друг; б) *беневолентност* - лицата со нарушено ментално здравје се како деца, затоа некој треба да се грижи за нив и в) *страв и отфрлање* - треба да се плашиме од лицата со нарушено ментално здравје и затоа тие треба да бидат исклучени од заедницата. Значи, при разгледувањето на потребата за сегрегација и присилно лекување на лицето болно од шизофренија, можно е кај студентите да дошле до израз првите два фактора.

Интересно е и тоа што иако кај студентите се забележува тенденција за различно стигматизирање, тие се еднакво подготвени за пома-

гање на лица со ментални тешкотии. Ваквиот наод е позитивен и отстапува од она што се тврди во двата модела за објаснување на стигматизацијата. Со други зборови, резултатите на ова истражување не покажуваат дека поголем степен на дискриминација би требало да биде поврзан со помала подготвеност за помагање.

Во однос на претпоставките за меѓусебна поврзаност на компонентите на стигматизацијата, што произлегуваат од моделот на атрибуцијата на Вајнер, се утврди дека кај сите нарушувања постои поврзаност меѓу припишувањето вина и чувството на лутина, при што кај шизофренијата лутината не е поврзана со дискриминација, додека кај зависностите, лутината е поврзана со дискриминација. Од друга страна, пак, чувството на лутина кое се појавува во однос на лицето болно од шизофренијата е придружено со нивно сожалување, додека чувството на лутина кон зависниците е придружено со нивно несожалување. Истражувањето, исто така, потврди дека сожалувањето ја зголемува подготвеноста за помагање. Во однос на претпоставената поврзаност меѓу перцепцијата на опасноста и припишувањето вина, се покажа дека тоа важи само за зависникот од дрога.

Резултатите од истражувањето ја потврдуваат и клучната претпоставка на другиот модел за објаснување на стигматизацијата, т.е. моделот на процена на опасност. Имено, утврдено е дека перцепирањето на лицата со нарушено ментално здравје како опасни, речиси сигурно предизвикува страв, што натаму доведува и до нивна дискриминација.

Општо земено, добиените резултати покажуваат дека кај студентите опфатени со ова истражување доминира тенденцијата на дискриминирање на лицата со нарушено ментално здравје, во вид на нивно избегнување, сегрегација и присилно лекување. Ваквата тенденција не е карактеристична само за нашата средина, туку често се среќава и во земји во кои со децении се афирмираат и практикуваат деинституционализирани форми на лекување и на психосоцијална рехабилитација, особено во однос на лица болни од шизофренија (Pescosolido et al. 1999, според Corrigan et al., 2003). Иако во последнава деценија и во Македонија се спроведуваат интензивни реформи во таа насока, сепак, за да се смени општиот однос на јавноста кон лицата со нарушено ментално здравје, неопходно е осмислување на антистигма-програми за различни целни групи, кои би биле засновани врз научни сознанија за особеностите на стигматизацијата. На тој начин би се создале реални можности за надминување на постојните психолошки бариери кон овие лица.

**Користена литература**

Corrigan, P.W., Lurie, B.D., Goldman, H.H., Slopen, N., Medasani, K., Phelan, S. (2005). How Adolescents Perceive the Stigma of Mental Illness and Alcohol Abuse. *Psychiatric Services*, 56 (5), 544-550.

Corrigan, P.W., Markowitz, F.E., Watson, A., Rowan, D., Kubiak, M. (2003). An Attribution Model of Public Discrimination towards Persons with Mental Illness. *Journal of Health and Social Behavior,* 44 (6), 162-179.

Corrigan, P.W., Rowan, D., Qreen, A., Lundin, R., River, P., Uphoff-Wasowski, K., White, K. and Kubiak, M. (2002). Challenging Two Mental Illness Stigmas: Personal Responsibility and Dangerousness. *Schizophrenia Bulletin,* 28(2), 293-309.

Holmes, P.E., Corrigan, P.W., Williams, P., Conor, J., Kubiak, M. (1999). Changing Attitudes about Schizophrenia. *Schizophrenia Bulletin,* 25(3), 447-456.

Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јули 2009

## THE STIGMA TOWARDS PEOPLE SUFERING FROM SCHIZOPHRENIA, DRUG ADDICTION AND ALCOHOL ADDICTION

**Abstract**

The stigma of mental illness is common in the general population, including students. This paper presents results from a study on the features of stigma among students towards people with different mental health disorders, i.e. schizophrenia, drug addiction and alcohol addiction. The results show that students generally stigmatize addiction more severely than schizophrenia. They tend to attribute higher personal responsibility and blame the addiction, as a result of which they express increased anger and fear of addicts, as well as avoidant behaviour towards them. In contrast, students tend to attribute less personal responsibility and controllability to schizophrenia, thus feeling increased pity for people suffering from this disorder, although at the same time they believe that segregation and coercion are most appropriate for them. The study also found two opposing tendencies among students: a concurrent preparedness for helping behaviour as well as a tendency towards discriminatory behaviour against people with different mental health disorders.

***Key words:*** *stigma, discrimination, mental health disorder, attribution*

**д-р Николина Кениг**, доцент
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет,
Институт за психологија

УДК 37 : 364.633

# „Провокативните“ девојчиња и „нечувствителните момчиња“: меѓуврсничко сексуално вознемирување и креирање полово нееднаква атмосфера во основните училишта


## РЕЗИМЕ

Основниот проблем на ова истражување е поврзан со утврдување на *искуствата на момчињата и девојчињата (од 7. и 8. одделение) со сексуалното вознемирување* на релација „ученици – ученици“. Вниманието се задржува и на идентификација на перцепцијата на наставниците за застапеноста на испитуваните форми на меѓуврсничко сексуално вознемирување и на нивните атрибуции на причините заради кои момчињата, односно девојчињата се жртви на истото.

Истражувањето е спроведено во 4 основни училишта – едно рурално и три урбани, на 187 ученици и 80 наставници. По извршената анализа на податоците, добиени се следниве наоди: (а) девојчињата се почесто жртва од момчињата, во пет, од деветте испитувани начини на сексуално вознемирување; (б) момчињата не соопштуваат дека се почесто жртва од девојчињата за ниту една форма на вознемирување; (в) процентот на девојчињата кои репетитивно се жртва на вознемирување е повисок отколку процентот на момчињата со истото искуство; (г) седум, од девет форми на сексуално вознемирување, многу почесто се вршат од страна на едно, или повеќе момчиња, отколку од едно, или повеќе девојчиња; (д) наставниците, главно, имаат соодветна перцепција на дистрибуцијата на однесувањата кои имаат карактер на сексуално вознемирување; (ѓ) според наставниците, причините за тоа зошто на девојчињата и на момчињата им се случува да бидат жртва на вознемирување, се разликуваат во тоа што девојчињата не се соодветно облечени и во тоа што нивните врсници не се доволно свесни дека тоа што го прават е вознемирување.

Опишаната состојба јасно сугерира дека девојчињата и момчињата во основните училишта се во значително различна позиција во однос на искуствата со различни форми на сексуално вознемирување. Со оглед на тоа што училиштата се окружување коешто родово е несензитивно, и средина каде што, речиси, не се спроведуваат никакви превентивни, ниту интервентни мерки насочени кон сексуалното насилство, девојчињата, воедно, се и поранливи во однос на последиците од сексуалното вознемирување.

***Клучни зборови**: меѓуврсничко сексуално вознемирување, родова сензитивност, основно училиште*

## ВОВЕД

Во последните неколку години, насилството во училишен контекст станува тема која сé повеќе отворено се дискутира. Но, додека наставниците и учениците релативно успешно ги препознаваат и признаваат формите на физичкото и психичкото насилство, кои секојдневно се присутни во училиштата, сексуалното вознемирување потешко го идентификуваат, а неретко и погрешно го толкуваат. За волја на вистината, сексуалното насилство врз децата неретко се појавува како главна медиумска вест, а од неодамна, од страна на неколку релевантни институции почнува и да се третира како појава која не е за запоставување. Сепак, ваквиот однос, главно, се однесува на побруталните форми на сексуално насилство, коишто вклучуваат физички напад и обид, односно реализација на сексуален чин. Останатите форми на сексуално насилство, обединети под терминот *сексуално вознемирување,* се чини дека и натаму се запоставени, или сосема погрешно интерпретирани, иако доказите за психичките последици по жртвите на ваквите напади се прилично добро документирани[7] (Gruber & Fineran, 2007, Hand & Sanchez, 2000; Lee, Croninger, Linn, & Chen, 1996; AAUW, 1993).

[7] Во наведените истражувања се идентификувани следниве последици од изложеност на сексуално вознемирување во училиштата: депресивност, губење апетит, нарушување на сонот, намалена самодоверба и чувство на страв и засраменост. Интензитетот на последиците е поврзан со репетитивноста на однесувањето на агресорот/ите (Kopels and Dupper, 1999).

Една од најчесто користените одредби, предложени од страна на Американското одделение за образование, гласи дека: *сексуалното вознемирување може да се однесува на непосакувани сексуални приоѓања, барања за сексуални услуги и други вербални, невербални или физички однесувања од сексуална природа од страна на вработен, ученик или некое трето лице, коишто се доволно силни, перзистентни, или первазивни за да ја ограничат можноста на ученикот/чката да учествуваат, или да имаат корист од едукативните активности, или пак, коишто креираат хостилна образовна клима* (U.S. Department of Education, 1997:12038). Во оваа земја, сексуалното вознемирување во училиштата се третира како форма на дискриминација, а процедурите за негово регулирање се дефинирани со документ (Sexual Harassment Guidance, 1997) кој е дел од Амандманите за образование од 1972. Кај нас, сексуалното вознемирување не е споменато во Законот за основно образование. Во Законот за еднакви можности на жените и мажите се третира како: „каква било форма на несакано вербално, невербално, или физичко однесување од сексуален карактер, чија цел, или последица е повреда на достоинството на едно лице, особено кога се создава застрашувачка, непријателска, деградирачка, понижувачка, или навредлива атмосфера" (Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, "Службен весник на РМ", 117/08, чл. 1, стр.1).[8]

Во рамките на училиштата, сексуалното вознемирување може да се одвива на две релации: „ученик – ученик" (меѓуврсничко вознемирување) и „наставник (или друг возрасен во училиштето) – ученик". Ова истражување ќе се задржи само на меѓуврсничкото вознемирување, коешто, без исклучок, се јавува многу почесто, но и потешко се препознава. За да го олеснат идентификувањето на сексуалното вознемирување, голем број автори пристапуваат кон операционализација на типичните активности коишто можат да се деривираат од дефинициите. Во меѓуврсничките односи, такви се на пример: ширењето невистини за некого поврзани со сексуалното однесување, непосакуваните допири, непосакуваните гестови со сексуална конотација, непосакуваното изложување на вербален, или сликовен материјал со сексуална содржина, насилното соблекување на делови од облеката, влечењето за градник, гледањето под здолништето, испраќањето sms пораки со сексуална содржина, и слично. (Gruber & Fineran, 2007) Значи, главната диференцијална одредница меѓу нешто што би можело да се третира како регуларна интеракција меѓу децата

[8] Всушност, сексуалното вознемирување е дефинирано со Законот за еднакви можности на жените и мажите, објавен во „Службен весник на РМ", бр. 66/06 (член 4, стр. 2), а потоа дефиницијата е изменета, односно дополнета со Законот за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, објавен во „Службен весник на РМ", 117/08.

(особено на возраст кога сé уште се дефинира родовиот идентитет) од една, и сексуалното вознемирување, од друга страна, претставува субјективната реакција (која е негативна доколку се работи за вознемирување) на оној кому му е упатено конкретното однесување. Но, целата слика не би била комплетна доколку не се вклучи и намерата на оној којшто го врши вознемирувањето. Обично жртвата лесно препознава дека вознемирувањето се прави со цел таа да се деградира, застраши, или „само заради забава“ (AAUW, 2006).

**Релевантни истражувања**

Покрај неколку други причини, како што се, на пример, сензитивноста на прашањето заради неговата релација со сексуалноста, или мисперцепцијата на сексуалното вознемирување како начин на нормална манифестација во пубертетската фаза на развој на психосексуалниот идентитет, овој начин на однесување во основните училишта се пренебрегнува и заради тоа што се мисли дека учениците се сé уште на возраст кога сексуалното вознемирување не е нешто што често им се случува. Но, емпириските податоци покажуваат нешто сосема друго. Дури и во САД, каде постои солидна законска регулатива и социјална клима којашто поддржува пријавување насилство, сексуалното вознемирување меѓу врсниците е ендемска појава. Според Извештајот на AAUW (2001), околу 80% од учениците (од двата пола) биле вознемирувани барем еднаш, а за третина од овие испитаници, ова искуство било познато пред да наполнат 12 години. Кај повозрасните се зголемува и инциденцата, која на сите возрасти е повисока кај девојчињата отколку кај момчињата. (Gruber & Fineran, 2007) Се смета дека нешто пониските проценти што се соопштуваат во други култури, повеќе се одраз на одбранбено одрекување на злонамерноста на вознемирувањето и неподготвеноста да се признае, отколку на реално подобрата ситуација.

Квалитативните податоци, добиени во рамките на истражувањето за состојбите во основното образование во Македонија, спроведено на крајот на 2006 година, за потребите на проектот на УНИЦЕФ, наречен: *Училиште по мерка на детето*, упатуваат на тоа дека: 1) и меѓу наставниците и меѓу учениците, прагот на толеранција на сексуалното вознемирување е висок – најголемиот број однесувања кои претставуваат јасни форми на сексуално вознемирување, најчесто насочени кон девојчињата, се третираат како неминовен дел на машко-женските односи во раната адолесценција; 2) реакциите на дел од наставниците сугерираат сексуална атрибуција на причините за појава на сексуално вознемирување, како на релација наставници - ученици, така и меѓу врсниците; 3) училиштата не преземаат речиси никакви мерки за системско превенирање и сузбивање на сексуалното вознемирување. За да се контекстуализира натамошната анализа на состојбата во врска со сексуалното вознемирување

во основните училишта, неопходно е да се нагласи дека оваа, како и други анализи, (Кениг, 2008, Најческа, 1999) укажуваат на тоа дека училиштата во земјата не се средина која може да се третира како родово сензитивна. Прво, содржината на материјалите за учење е изразено родово-стереотипна и не им нуди на девојчињата доволно родово-неутрални модели за идентификација, додека, пак, за наставниот кадар, составен претежно од лица од женски пол, покажува многу низок степен на чувствителност во врска со родовите прашања и само споредно добива релевантна дополнителна едукација дури и за најбазична сензитизација за родова рамноправност.

Надоврзувајќи се на претходните емпириски утврдени состојби, ова истражување треба да одговори на прашањата:

*I) Постојат ли разлики во искуствата на момчињата и девојчињата (од 7. и 8. одделение) во однос на најчестите форми на меѓуврсничко сексуално вознемирување?*

*II) Каква е перцепцијата на наставниците за застапеноста на сексуалното вознемирување меѓу врсниците?*

*III) На кои причини наставниците го припишуваат меѓуврсничкото сексуално вознемирување во училишен контекст?*

## МЕТОД

### Примерок

Истражувањето е спроведено во 4 основни училишта – три урбани (општина: „Чаир“, „Кисела Вода“ и Струмица) и едно рурално (општина Струга). Во рамките на секое од избраните училишта, на сите достапни предметни наставници им е зададен прашалник со кој се идентификуваат нивните искуства и перцепции за формите на сексуално вознемирување во училиштето меѓу врсниците, како и причините за нивното појавување кај двата пола. По случаен пат, во секое училиште е избран по еден клас од 7. и еден клас од 8. одделение каде што сите присутни ученици се испитани со верзија на прашалникот приспособен на нивната возраст. Така, вкупниот број испитани ученици е **187** (100 женски и 87 машки, 72 од VII[9] и 115 од VIII одделение) и **80** наставници (60 жени и 20 мажи).

На испитаниците им е загарантирана целосна анонимност (инструментот не бара податоци за идентификација) и доброволно учество во истражувањето. Прибирањето на податоците се одвиваше во текот на месец март и април 2009 година. Процентот на одбивање е незначителен (<5%).

[9] Бројот на испитаници од VII одделение е значително помал, заради исклучување на прашалниците кај кои не се одговорени повеќе од 10% од вкупниот број прашања. Со тоа, од вкупната анализа се исфрлени 20 прашалници.

**Инструменти**

Во прашалникот наменет за учениците, селектираните начини на сексуално вознемирување од страна на врсниците се формулирани под две рубрики: „*мене ми се случило*“ и „*му се случило на друг во училиштето*“. По принципот на можност за повеќе заокружувања, од респондентите се бара и да назначат за секоја од формите на вознемирување, доколку се случиле, дали ги направиле момче, девојче, група момчиња, или група девојчиња.

Во прашалникот за наставниците, издвоени се осум однесувања кои индицираат сексуално вознемирување од типот „ученик-ученик“. Наставниците се прашувани и за тоа што сметаат дека се причините заради кои сексуалното насилство им се случува на девојчињата, односно на момчињата, и тоа преку понудени алтернативи и отворен дел.

## РЕЗУЛТАТИ

### Ад 1. Искуства и перцепции на момчињата и девојчињата во врска со меѓуврсничкото сексуално вознемирување во училишен контекст

Обработката на податоците за искуствата со меѓуврсничкото сексуално вознемирување добиени од учениците, ги даде резултатите прикажани на Графикон 1.




*Графикон 1. Изјави на момчињата и девојчињата за тоа колку пати биле изложени на сексуално вознемирување (%)*

Ако се погледнат графиконските прикази, може да се забележи дека кај најголемиот број манифестации на вознемирување има повисок процент на девојчиња отколку момчиња кои соопштуваат дека повеќе од еднаш биле жртва на соодветната форма на вознемирување. Ова тврдење не важи само за кажувањето шеги против волјата на жртвата и

насилното соблекување делови од облека.[10]

За да се фокусира вниманието на сите ученици кои соопштуваат дека имале искуство во улога на жртва на сексуално вознемирување од страна на врсниците, натамошната анализа е направена на оние испитаници кои на прашањата одговориле дека дадената форма на вознемирување лично им се случила *„еднаш“,* или *„повеќе од еднаш“*. Овие два кумулирани проценти, одделно за момчињата и девојчињата, се прикажани во Табела 1. На истата Табела се прикажани и одговорите на испитаниците за тоа дали односната форма на вознемирување била направена од страна на едно момче, едно девојче, или група момчиња, односно девојчиња. Бидејќи при повеќекратните искуства постои голема веројатност вознемирувачот/ите да бидат различни, на испитаниците им беше дадена можност да изберат повеќе алтернативи истовремено (оттука, збирот на процентите во Табелата за колоната: „*Кој го сторил тоа*?“ е поголем од 100) .

Тестирањето на статистичката значајност на разликите меѓу кумулираните проценти (за личните искуства), открива дека статистички значајна разлика меѓу двата пола постои за пет од испитуваните форми на однесување: *непосакувани гестикулации со сексуална содржина*, *непосакувани допири*, *непосакувани коментари за физичкиот изглед* ($p<0.01$), *кажување шеги* и *ширење невистини со сексуална конотација* ($p<0.05$). **Кај сите наведени форми на вознемирување, девојчињата соопштуваат дека биле жртви почесто од момчињата**.

[10] Соблекувањето делови од облека е единствената форма на однесување каде што е забележано дека учениците почесто од ученичките соопштиле дека се жртви. Но, разликата не е статистички значајна.

*Табела 1. Зачестеност на лични искуства со сексуално вознемирување – кому му се случило и кој го направил*

| | ***еднаш** или **повеќе од еднаш** (%)* | | ***Кој го сторил тоа?** (%)* | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Мене ми се случило...*** | **женски** | **машки** | **момче** | **девојче** | **група мом-чиња** | **група девој-чиња** |
| ...да се обидуваат да ми соблечат некој дел од облеката против моја волја. | **24,0** | **18,0** | 55,6 | 16,7 | 36,1 | 19,4 |
| ...против моја волја да ми покажуваат слики, или филмови со сексуална содржина. | **22,0** | **18,4** | 55,3 | 10,5 | 44,7 | 5,3 |
| ...да пишуваат по ѕидовите, или на табла за тоа кој ми е симпатија, или дечко/девојка и слични работи. | **59,2** | **56,1** | 25,5 | 43,1 | 32,3 | 41,1 |
| ...да ја отворат вратата од тоалетот, или од кабината за пресоблекување додека јас сум бил/а внатре. | **54,0** | **48,3** | 29,4 | 13,9 | 67,1 | 20,2 |
| ...да ми упатуваат гестикулации со сексуално значење кои ми биле непосакувани и непријатни. | **62,8** | **22,0** | 51,4 | 14,3 | 37,1 | 5,7 |
| ...да зборуваат за мојот изглед на начин на којшто не ми е пријатно. | **61,0** | **36,8** | 20,4 | 20,3 | 44,0 | 39,7 |
| ...да шират невистини за мене поврзани со мојата интима. | **72,0** | **60,1** | 28,7 | 34,8 | 41,7 | 36,5 |
| ...да ме допираат без да сакам и на начин којшто ми е непријатен. | **47,0** | **17,3** | 41,0 | 11,5 | 46,0 | 23,1 |
| ... во мое присуство, против моја волја, да се кажуваат шеги, или случки со сексуална содржина. | **45,0** | **32,2** | 26,4 | 13,9 | 68,0 | 27,8 |

Податоците од Табела 1 упатуваат и на тоа дека само кај две од понудените форми, девојчињата се поактивни вознемирувачи – кога *пишуваат графити* и кога *шират невистини* поврзани со интимата на жртвата. Во последниот случај, во улога на агресор тие се јавуваат почесто од момчињата кои тоа го прават поединечно, но поретко од момчињата кои тоа го прават во група. За сите останати форми, учениците соопштуваат дека почесто група момчиња, или едно момче, отколку група девојчиња, или девојче, биле тие што ги вознемирувале. Момчињата, или поединечно, или како група, особено се „поактивни“ од девојчињата во *покажување визуелни материјали со сексуална содржина против волјата на оној кому му е покажано, упатување непосакувани гестови со сексуално значење, обиди насилно да соблечат нечиј дел од облека,* или во *непосакувано допирање*. Интересно е и тоа дека кај една од најофанзивните форми (*отворање врата од тоалет*), убедливо доминира процентот на група момчиња како извршители на таа форма на вознемирување.

Вообичаен начин на проверка на валидноста на давање одговори за себе, тогаш кога прашањата се од многу чувствителна, односно лична природа, е да се праша какви се искуствата на другите, бидејќи се поаѓа од претпоставката дека испитаниците многу полесно „признаваат“ дека социјално непожелни искуства им се случуваат на другите. Се смета дека ако разликата во процентот на одговорите за тоа какви се личните искуства на испитаниците и оние соопштени за другите се многу големи, тогаш тоа може да е знак за неподготвеност да се признае, додека, пак, сличноста во процентот на одговори зборува за прилично реално соопштување на сопствените искуства. Но, освен да служат само како контролен механизам, овие информации, се разбира, може да дадат слика и за тоа колку учениците се свесни за тоа што се случува во околината. Во Табела 2 се прикажани одговорите на испитаниците за нивната перцепција на тоа колку често другите соученици имаат искуство со наведените форми на вознемирување, како и од кој пол се тие кои ги направиле соодветните форми на вознемирување, агрегирани на истиот начин како и одговорите за сопствените искуства.

*Табела 2. Перципирана зачестеност на искуства со сексуално вознемирување кај соучениците – кому му се случило и кој го сторил тоа*

| | ***Кому му се случило? (%)*** | | ***Кој го сторил тоа? (%)*** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Им се случило на други во нашето училиште...*** | **едно или повеќе девојчиња** | **едно или повеќе момчиња** | **момче** | **Девојче** | **група момчиња** | **група девојчиња** |
| ...насилно соблекување на делови од облеката | 24,4 | 25,6 | 35,9 | 13,4 | 64,7 | 16,8 |
| ... непосакувано изложување на визуелни сексуални содржини | 12,1 | 11 | 35,2 | 7,4 | 68,5 | 9,3 |
| ...пишување по ѕидовите, или на табла | 67,4 | 40,3 | 27,1 | 37,9 | 45,7 | 53,4 |
| ...отворање врата од тоалетот, или од кабината | 67,2 | 22,6 | 29,4 | 13,9 | 67,1 | 20,3 |
| ...непосакувани гестикулации со сексуално значење | 29,4 | 11,1 | 48,4 | 9,6 | 56,4 | 12,9 |
| ...непосакувани коментари за изгледот | 68,9 | 38,4 | 24,2 | 22,4 | 53,7 | 50,0 |
| ...ширење невистини поврзани со сексуалноста | 68,0 | 41,4 | 47,3 | 10,8 | 52,7 | 24,3 |
| ...непосакувани допири со сексуална конотација | 63,2 | 10,9 | 42,1 | 21,5 | 47,4 | 15,8 |
| ...непосакувано експонирање шеги со сексуална содржина | 33,5 | 18,8 | 32,4 | 10,8 | 71,6 | 21,6 |

Процентите на зачестеност на формите на сексуално вознемирување за кои децата виделе/слушнале дека им се случуваат на другите (Табела 2) се поклопуваат, главно, со соопштените за личните искуства. Најголем јаз, и тоа во насока на „потценување“ на зачестеноста на искуствата, има за *отворањето врата од тоалет*, *непосакуваните гестикулации* и *експонирањето на визуелни материјали со сексуална содржина*, што упатува на тоа дека соучениците секогаш не ги споделуваат искуствата за сексуалното вознемирување. Од Табела 2 уште се гледа и дека, речиси за сите форми на вознемирување, учениците ги перципираат девојчињата како жртва многу почесто отколку момчињата, исто како што ги перципираат почесто момчињата отколку девојчињата како агресори.

Ад. 2. *Перцепцијата на наставниците за застапеноста на сексуалното вознемирување меѓу врсниците*

Резултатите за тоа како наставниците гледаат на тоа колку често девојчињата, а колку често момчињата се жртви на одредени форми на меѓуврсничко сексуално вознемирување, се прикажани во Графикон 2. Освен во случајот со непосакуваните коментари за изгледот, наставниците сметаат дека девојчињата или често, или ретко, но, главно, почесто од момчињата, се жртви на меѓуврсничко сексуално вознемирување. За момчињата, наставниците воочливо почесто одговараат дека не знаат што се случува, или дека воопшто не се засегнати од сексуално вознемирување.

Споредбата на одговорите на наставниците со оние дадени од децата, сугерираат дека наставниците имаат релативно добар увид во тоа што се случува. Ако се исклучи тоа дека наставниците проценуваат дека непосакуваните коментари за физичкиот изглед повеќе ги засегаат момчињата од девојчињата, како и процената за непосакуваните допири (чија зачестеност во случајот на девојчињата е прилично потценета), наставниците, главно, соодветно ја процениле застапеноста на меѓуврсничките форми на сексуално вознемирување.

*Графикон 2. Перцепција на наставниците за зачестеноста на типични форми на меѓуврсничко сексуално вознемирување кога жртвата е момче/девојче*




### Ад. 3. *Атрибуција на причини за сексуално вознемирување во училишен контекст*

На петте понудени одговори, на кои наставниците можат да се изјаснат на четиристепена скала (од „*воопшто не се согласувам*“, со оценка 0), до „*сосема се согласувам*“, со оценка 3), добиени се резултатите прикажани на Табела 4. Споредбата на аритметичките средини за момчињата наспроти девојчињата, укажува на тоа дека според наставниците, тие не се идентични во два случаја: кога станува збор за *начинот на облекување* и за *свесноста на врсниците за несоодветноста на однесувањата* кои можат да се дефинираат како сексуално вознеми-

рување. Имено, степенот на согласност за *начинот на облекување на девојчињата* (t (77)=6,16; p<0,01) и степенот на согласност за *отсуството на сензитивност кај врсниците* (t (76)=2,17; p<0,05) како причини за тоа зошто девојчињата се цел на сексуално вознемирување, статистички значајно се разликуваат од степените на согласност за истите причини кај момчињата. Со други зборови, додека надворешните *причини (недостаток од сексуално образование во училиштата, нечувствителноста на наставниците и недостатокот на правна регулатива)* се проценети како идентично релевантни за момчињата и девојчињата**,** кога се проценува зошто девојчињата се жртва на вознемирување, како многу поважни отколку кај момчињата, се наведуваат начинот на кој тие се облекуваат и нечувствителноста на нивните врсници за тоа дека вознемирувањето е проблематично. На ваквата перцепција може да се гледа и на следниот начин: одговорноста кај девојчињата е лоцирана во начинот на кој се облекуваат, а кај момчињата, во отсуството на сензитивност за тоа дека испитуваните однесувања имаат карактер на сексуално вознемирување.

Во отворениот дел од истото прашање, каде од наставниците се бара нивната лична перспектива што би сакале да ја соопштат, тие наведуваат и неколку други релевантни причини, важечки и за едниот и за другиот пол, меѓу кои доминира идејата дека сексуалното вознемирување е резултат на малиот интерес на родителите за воспитувањето на децата и тоа што тие се „препуштени само на училиштето“, потоа, силното влијание на медиумите кои ги сексуализираат децата уште во рана возраст, наспроти посветеноста на наставниците кои во тој поглед се „и повеќе од коректни“. За изјавите е карактеристично чувството на наставниците дека тие не можат многу да сторат во однос на овој проблем, или, со зборовите на една од испитаничките: „наставниците се во голема мера немоќни, многу е битно воспитувањето дома и односот на родителите кон тие проблеми“.

*Табела 4. Перцепција на наставниците за причините заради кои момчињата и девојчињата се жртви на сексуално вознемирување*

| **Причини** | **момчиња M (σ)** | **девојчиња M (σ)** | **t- тест** | **df** | **p** |
|---|---|---|---|---|---|
| Начинот на којшто се облекуваат и однесуваат (провокативно, несоодветно). | 0,84 (0.91) | 1,72 (0.99) | 6,16 | 77 | <0,01 |
| Непостоење свест кај врсниците дека таквото однесување е проблематично. | 1,75 (0,95) | 2,17 (0,93) | 2,17 | 76 | <0,05 |
| Нечувствителноста на наставниците дека таквото однесување е проблематично. | 1,16 (0,96) | 1,11 (0,95) | 0,32 | 75 | >0,05 |
| Недостаток на релевантна правна регулатива. | 1,71 (1,03) | 1,90 (1,07) | 1,62 | 77 | >0,05 |
| Недостаток на сексуално образование во училиштата. | 1,77 (1,0) | 1,89 (1,0) | 0,98 | 77 | >0,05 |

## ДИСКУСИЈА

Резултатите добиени од ова истражување недвосмислено сугерираат дека сексуалното вознемирување во основните училишта кај нас, исто како и во другите средини, се одвива во контекст на изразена родова асиметрија. Девојчињата, во значително поголем број соопштуваат дека биле жртви почесто од момчињата. Истата диспропорција може да се констатира и кога учениците даваат изјави за тоа колку често сексуалното вознемирување им се случува на другите. Згора на тоа, процентот на девојчињата кои соопштуваат дека *повеќе од еднаш* биле жртва на некои, или повеќе форми на вознемирување, исто така го надминува процентот на момчиња со такви искуства. Полот/родот не определува само кој има повеќе шанси да биде жртва, туку и кој почесто ќе се јави во улога на агресор. Момчињата, било како поединци, или во група, многу почесто од девојчињата се јавуваат како вршители на сексуално вознемирување, особено на неговите физички форми.

Со оглед на добиените резултати, очигледно е дека ваквата нееднаква позиција на момчињата и девојчињата им е сосема јасна и на наставниците, но, досега, не се забележани посериозни организирани форми на превенција и на надминување на ваквата состојба. Еден извор на амбиваленција може да биде неизвесноста за тоа кое

однесување е, а кое не е сексуално вознемирување, бидејќи „диференцијалната дијагноза“ зависи, пред сѐ, од тоа дали жртвата конкретното однесување го доживува како малициозно, или не. Друго можно објаснување за тоа е дека на сите овие форми на сексуално вознемирување наставниците гледаат како на процеси низ кои се регулираат и продуцираат родовите дискурси и идентитети на младите адолесценти, особено на момчињата. Наодите од ова истражување добро го илустрираат совпаѓањето меѓу традиционалното гледање на тоа кое однесување е „иманентно“ за едниот, наспроти другиот пол – девојчињата „водат“ пред момчињата во ширење невистини (озборување) и продукција на графити за тоа кој кому му е симпатија, или дечко/девојка, а момчињата, во т.н. физички форми на вознемирување. На крајот, наставниците, можеби навистина се убедени дека регулирањето на односите меѓу двата пола не е во доменот на нивните надлежности во училиштето, или, пак, едноставно, немаат доволно вештини и знаења да направат било какви интервенции во таа сфера.

Во крајна линија, кои и да се причините за честата појава на сексуално вознемирување меѓу врсниците, она што е најважно е да се потцрта дека отсуството на мерки за превенција и стратегии за справување со нив, како и отсуството на политики и пишани документи[11] со кои тоа би се регулирало на ниво на училиште (УНИЦЕФ, 2006), го прават училиштето место кое не е доволно безбедно (се разбира повеќе во психолошка, отколку во физичка смисла) за девојчињата (и веројатно, помалку „маскулините“ момчиња). Ако згора на тоа се земе предвид генералниот контекст во нашите училишта од родов аспект, т.е. нивното функционирање, главно долж линиите на традиционалните родови стереотипи, во рамките на кои формите на сексуално вознемирување може да се сместат како природни начини на конструкција на родовиот идентитет, јасно е дека девојчињата се ставени во подредена и загрозувачка позиција.

## Препораки

Училиштата во кои за сексуалното вознемирување не се дискутира, а далеку од тоа да се превенира, или сузбива, не можат да бидат ниту здрава средина за едукација, ниту, пак, може да се третираат како институции во кои не се врши имплицитна дискриминација врз основа на пол/род. Сексуалното

[11] Во нашето законодавство, сексуалното вознемирување е регулирано со Законот за работни односи и Законот за еднакви можности на жените и мажите. Првиот, би можел да се имплементира врз односите на вработените во училиштето, но не и за меѓуврсничкото вознемирување. Законот за еднакви можности на жените и мажите може да биде соодветен во случај на сексуално вознемирување меѓу учениците. Но, постапката за заштита може да биде многу поефикасна и поедноставна доколку на ниво на училиште бидат формулирани соодветни механизми за справување со вакви ситуации. Светските искуства насочуваат кон создавање услови за медијаторство и неформално разрешување на сите форми на дискриминација, вклучувајќи го и сексуалното вознемирување (Elis, 2005).

вознемирување ќе претставува сé повеќе и повеќе горлив проблем, доколку не се преземат сериозни мерки од аспект на посоодветно правно регулирање и соодветна едукација. Во таа смисла, она што минимално би требало да се стори е преземањето на следниве чекори:

**1. Сензитизација на учениците и наставниците** – и наставниците и учениците би требало да бидат запознати со тоа кога едно однесување се третира како вознемирување, а кога како забава, или додворување. Во спротивно, тешко дека може да се замисли каква и да е превенција од ваквата форма на однесување.

**2. Регулирање со интерни документи** – искуствата во другите земји покажале дека е корисно кога училиштата развиваат интерни документи, напишани на јазик разбирлив за децата, достапни за родителите и истакнати на најтранспарентен можен начин (во ходниците како постери, на пример) за тоа што е сексуално вознемирување, кој е надлежен да реагира кога тоа ќе се случи, кому може да му се обратат жртвите, како и кои се дисциплинските мерки кои следуваат доколку некој го врши вознемирувањето. Се разбира, клучен фактор за успешно функционирање на оваа мерка е доследноста во имплементација на правилата, како и учеството на учениците во нивното формулирање. Оваа мерка е дотолку повеќе корисна, ако се земе предвид фактот дека интервенирањето во врска со сексуалното вознемирување врз основа на законите, особено во училишен контекст, е исклучително сложена процедура од перспектива на жртвите.

**3. Мониторинг со самоевалуација** – постои обемна документација за тоа дека жртвите на сексуално вознемирување избегнуваат да го пријават таквиот вид малтретирање дури и кога постојат назначени лица, надлежни за решавање на такви случаи. (AAUW, 2006) За да се избегне добивањето погрешна слика дека сé е во ред, корисно е кога училиштата спроведуваат самоевалуација преку анонимни одговори на учениците – барем еднаш или двапати годишно. Исто така, корисна стратегија за превенција може да биде организирањето ученички мониторинг тела, кои за време на одморите би набљудувале што се случува по ходниците и во училишниот двор – места каде се случуваат над 80% од однесувањата кои се третираат како вознемирување. (AAUW, 1993)

**4. Дополнителна едукација –** вградена во постојаните наставни содржини**,** како посебен предмет или обука, дополнителната едукација од областа на сексуалноста сообразена на возраста, сигурно е неопходна и за наставниците и за учениците. Туѓите искуства покажуваат дека дури и еднократните обуки помагаат во превенирањето на фреквентни манифестации на сексуално вознемирување, но, исто така, и во охрабрувањето на жртвите да го пријавуваат (Martin, 2008) и да се спротивстават на интроектираниот стереотип дека, всушност, тие самите се одговорни за тоа што им се случува.

## Користена литература

AUUW: American Association of University Women (2006). *Drawing the Line: Sexual Harassment on Campus*. Washington, DC: Harris/Scholastic Research.

AUUW: American Association of University Women. (1993). *Hostile hallways: The AAUW survey on sexual harassment in America's schools* (Research Rep. No. 923012). Washington, DC: Harris/Scholastic Research.

Elis, E. (2005). *EU-Antidiscrimination Law*. Oxford:Oxford University Press.

Gruber, J. E. & Fineran, S. (2007). The Impact of Bullying and Sexual Harassment on Middle and High School Girls. Violence Against Women, vol.13/6: 627-643.

Hand, J., & Sanchez, L. (2000). Badgering or bantering? Gender differences in experience of, and reactions to, sexual harassment among U.S. high school students. *Gender & Society*, *14*:718-746.

Kopels, S., & Dupper, D. R. (1999). School-based peer sexual harassment. *Child Welfare*, *78*, 435-460.

Lee, V. E., Croninger, R. G., Linn, E., & Chen, X. (1996). The culture of sexual harassment in secondary schools. *American Educational Research Journal*, *33*: 383-417.

Martin, J. (2008). Peer Sexual Harassment: Finding Voice, Changing Culture - An Intervention Strategy for Adolescent Females. *Violence Against Women,* vol.14/1: 100-124.

Sexual Harassment Guidance, 1997. www.ed.gov/about/offices/list/ocr/docs/sexhar01.html

Sexual Harassment on Middle and High School Girls. *Violence Against Women.* vol. 13 (6), pp. 627-643

U.S. Department of Education, Office for Civil Rights (1997). Sexual harassment guidance: Harassment of students by school employees, other students, or third parties. *Federal Register*, *62*(49): 12034-12051.

Закон за изменување и дополнување на Законот за еднакви можности на жените и мажите, „Службен весник на РМ“, бр. 117, (Пречистен текст) 18.09.2008 година;

Закон за еднакви можности на жените и мажите „Службен весник на РМ“, бр. 66/06 од 29.05.2006 година

Кениг, Н. (2008). Неподносливата леснотија на половото стереотипи-

зирање: анализа на учебниците по македонски јазик, историја и природа и општество за основно образование „*Годишен зборник на Филозофскиот факултет*“ - *Скопје*, (60):159-175

Најчевска, М. (1999). *Еднаквоста на половите во курикулумот*. Необјавен извештај подготвен за УНИЦЕФ

УНИЦЕФ (2006). *Училиште по мерка на детето*: *Иницијална состојба во Македонија,* Публикација за интерна употреба.

Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јули 2009

# „Provocative“ girls and „insensitive” boys: Peer sexual harassment and creation of gender unequal climate in elementary schools


## Resume

The basic problem of this research is connected with exploring the experiences of peer sexual harassment among elementary school girls and boys (7th and 8th grade). The study also focuses on identifying teachers' perception of the frequency of several types of peer sexual harassment as well as teachers' attributions why the girls and the boys are victims of it.

The research is carried out in four primary schools – one rural and three urban, on a sample of 187 students and 80 teachers. The data analysis shows that (a) girls are more frequently victims in case of five out of the nine form of sexual harassment (b) boys do not declare to be more frequently victims in any of the harassing behaviors (c) the percent of girls who are repeatedly victims of harassment is considerably higher than the percent of boys with the same experience (d) the majority of sexualлу harassing behaviors are perpetuated by boys more frequently than by girls (e) teachers have adequate picture of the distribution of sexual harassment along gender lines, and (f) according to the teachers, girls are victims because they dress themselves in a provocative way and because their male peers are not aware enough that some kinds of behavior are actually harassing.

These conditions clearly suggest that the elementary school girls and the boys are situated quite differently in terms of their experiences with sexual harassment. Taking into account the elementary schools in the country are gender insensitive environment where almost no preventive or intervention actions against sexual violence are taken, girls are clearly more vulnerable to the consequences of sexual harassment.


***Key words**: peer sexual harassment, gender sensitivity, elementary school*

**м-р Зоран Вучев**

Раководител на Одделение за статистичка обработка на податоци и евиденција на корисниците на услуги за потребите на Министерството за труд и социјална политика

УДК 364.35 - 624(497.7)

# Нееднаквости во опфатот и правата од пензискиот систем во Република Македонија

**Резиме**

Во овој труд се елаборират спецификите, структурата на реформираниот повеќестолбен пензиски систем во Република Македонија и импликациите што се очекуват од воведувањето на овој комбиниран систем.

Наодите во овој осврт се направени за пристапот на правата на корисниците во првиот столб, како и опфатот на членовите во задолжителните капитални пензиски фондови. Во трудот се изнесени индикатори  за првиот столб во однос на структурата на корисниците на поедини права од пензија, според видот на пензијата, старосната структура и износот на веќе стекнатите пензии, како резултат на импликациите од реформите што се правеа во пензиската политика во изминатите 18 години. Во задолжителните пензиски фондови се  елаборирани:  опфатот на лицата, статусот и периодот на потпишување на договорите за членство, како и приносот на средствата во задолжителните пензиски фондови. Посебен осврт е направен во делот на социјалниот дијалог во Европската Унија (ЕУ), како алатка во реформите во пензиските политики. За предмет на анализа се земени неколку поистакнати земји (претежно членки на ЕУ) во стручната литература, во доменот на реформите кои ги презеле во пензиските политики.

**Клучни зборови:** пензиски систем, структура на пензиски систем, пристап до правата во повеќестолбниот пензиски систем во Република Македонија, социјален дијалог во реформскиот процес на пензиската политика.

## 1. Специфики на реформираниот пензиски систем во Македонија

По повеќегодишна подготовка, реформираниот тристолбен пензиски систем започна да функционира во пракса од 1 јануари, 2003 година. Во минатото, пензионерите добиваа пензии од придонесите што ги плаќаа вработените, преку т.н. генерациска солидарност. Приватни аранжмани во пензискиот систем не постоеја. Начинот на исплата на пензиите врз основа на солидарност, во економската литература стручно е познат како PAYG[12] систем, кој во основа значи префрлање на средствата од компаниите на сметките на фондовите за пензии.[13] (Талески, 2005)

Реформата во пензискиот систем беше наметната, главно, заради две причини: државниот пензиски фонд, заради намалениот прилив на придонеси со текот на времето започна да станува несолвентен (Атанасовски, 2004), а од друга страна, демографскиот притисок заради стареење на населението уште повеќе можеше да ги доведе во прашање пензиите на идните генерации.

Од стопански и социјален аспект, намалувањето на вработеноста предизвикува повеќекратни последици, односно значителни тешкотии за вработените, дејностите и пензискиот систем, кој е доста погоден во конкретната ситуација. Придонесите во минатото опаѓаа, а исплатата на пензиите се зголемуваше, што создаде финансиски јаз.

Претпријатијата не вршеа редовни уплати на придонесите во име на вработените, со што се зголемуваа финансиските долгови. Отпуштените работници кои наоѓаат работа во неформалниот сектор, најчесто се надвор од дофатот на органите за наплата на социјалните придонеси. Од друга страна, се вршеше зголемување на износот на придонесите во минатото и, истовремено, либерализација на одредбите за предвремена и инвалидска пензија, за да се овозможи компензација на зголемената невработеност во земјата (ibid, стр. 14-15).

Соодносот во 2007 година меѓу осигурениците кои плаќаат придонес и корисниците на пензија изнесува 1,4 вработени на 1 корисник на пензија, а соодносот на вкупниот број осигуреници на еден корисник на пензија износува 1,6 осигуреници на 1 корисник на пензија.

Овој сооднос е неповолен, од тие причини расходите за пензиско-инвалидското осигурување (ПИО) учествуваат од 10-13% од бруто домашниот производ (БДП) на Република Македонија, за исплата на пензиите на пензионерите во изминатите години.

---

[12] PAYG- Pay As You Go – Систем кој означува принцип на солидарно пензиско осигурување.

[13] Elaine Fultz,Markus Ruck, “The Reforms of the Pension System in Centar and Eastern Europe”- ILO, Budapest, 2001, str.5.

## 2. Структура на реформираниот пензиски систем

Новиот систем е насочен кон втемелување нов модел на пензиско и инвалидско осигурување, кој е составен од три дела (три столба).

*2.1. Задолжително пензиско и инвалидско осигурување* врз основа на генерациска солидарност (државен I столб)

Првиот столб претставува (Фондот за пензиско и инвалидско осигурување) солидарен систем кој е задолжителен за сите вработени, а средствата се наменети најнапред за финансирање на сегашните и идните пензионери (овој Фонд е во постојан финансиски дефицит, средствата се надополнуват од страна на буџетот на државата).

*2.2. Задолжително капитално финансирано пензиско осигурување - приватен II столб*

Капиталното финансирано пензиско осигурување се заснова врз штедење на придонесите на индивидуална сметка и нивно инвестирање, со што се формира парична маса која се акумулира и служи за исплата на пензијата на самиот осигуреник (ibid, стр. 20).

Социјалните причини за воведување на вториот столб најдобро може да се согледаат во предностите кои се очекува да бидат постигнати со овој вид осигурување:

- Дел од финансискиот товар се префрла на самите осигуреници, согласно нивните индивидуални издвојувања. Останатиот дел и натаму ќе биде со издвојувањата и со правото на пензија преку солидарниот систем;

- Треба да се намалат обврските на идните поколенија за издршка на пензионираните лица, кои со помош на вториот столб сами ќе бидат во состојба да си го обезбедат својот материјален опстанок и социјална сигурност;

- Доходот на пензионираните лица ќе биде стабилизиран. Нивниот доход нема да зависи од неповолната демографска структура на населението;

- Се очекува секој поединец да покаже иницијативност за работа и социјално осигурување и сам да се погрижи за сопствената иднина;

- Износот на пензијата нема да зависи само од уплатите во текот на осигурените години, туку и од приходите остварени од каматите, дивидендите и другите приходи остварени со инвестирањето на уплатените придонеси;

- Осигурениците имаат можност за избор на фондот во кој ќе ги вложуват средствата.

Втор столб од пензискиот систем значи индивидуално, персонално

пензиско осигурување за разлика од колективното пензиско осигурување во вториот столб, кој се практикува во одредени земји.

Кај нас постојат универзални пензиски фондови. Во овие фондови секој осигуреник пристапува сам и по своја волја.

## 3. Пристап до правата од пензискиот систем - прв столб

Право на пензии од првиот столб имаат сите осигуреници кои се под режимот на плата и контрибуирале средства во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија за време на нивниот работен век, под услов минимум да котизирале 15 години, блиските сродници (деца, брачен другар, или издржувано лице од страна на осигуреникот). Кај овој вид пензија станува збор за семејни пензии и инвалидски пензии.

Подолу ќе ја проследиме структурата на пензионерите според видот на пензијата, старосната структура и според износот на пензијата.

**Табела 1: Број на пензионери од првиот столб, според видот на пензија**

| Година | Старосни | Инвалидски | Семејни | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 2007 | 150.075 | 48.054 | 74.257 | 272.386 |
| 2008 | 149.075 | 48. 502 | 75.156 | 273.221 |

Според Табела 1, произлегува дека повеќе од една половина од вкупниот број корисници на пензија се корисници на старосна пензија, а другата половина се однесува на корисници на семејна и инвалидска пензија во 2007 и 2008 година.

Вкупниот број корисници на старосна пензија кај возрасната структура од 45-65 години е 49.706 (33.1%), додека кај инвалидската пензија за истата возрасна структура има 27.097 (56.36%) корисници во 2007 година. Овде посебно заслужуваат внимание старосните структури од 55-60 и 60-65 години, (Извештај на ФПИО на РМ[14] за 2007 г., стр. 11-12). Законскиот квалификуван период за пензија е 62 години за жени, со можност до 64 години по избор, и 64 години старост за мажи. Вработените од двата пола имаат можност да работат и по овој период на возраст, само под одредени услови (значи горниот плафон на возраст е отворен). Овие податоци ни покажуват релативно ниска старосна структура на излез од пазарот на трудот кај двете категории пензионери.

Посебно треба да се обрне внимание од која гранка на стопан-

[14] Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република (во натамошниот текст: ФПИО РМ).

ството или јавниот сектор доаѓа оваа категорија корисници на инвалидски пензии кај овие возрасни групи, за да се согледа причината за инвалидитетот и да може да се преземат соодветни мерки од страна на Инспекторатот за труд и заштита при работа во делот на подобрување на работните услови за работниците.

Во 2007 година, од 272.386 корисници на пензија, 131.405 корисници, или 48,2% од вкупниот број примаат пензија до 6.500 денари; 81.865 корисници, или 30,1% примаат пензија од 6.500, до 10.000 денари; 43.755 корисници, или 16,1% примаат пензија од 10.000 до 15.000 денари, а 15.361 корисници, или 5,5% од вкупниот број корисници примаат пензија над 15.000 денари, од кои само 1.089 примаат највисок износ на пензија. Овие податоци покажуваат дека скоро половината од пензионерите живеат под линијата на сиромаштија (ibid, стр. 21).

## 4. Опфатеност на членовите во задолжителните капитални пензиски фондови

Сите категории вработени лица немаат право да членуваат во вториот столб. Овој столб ги исклучува: земјоделците; под одредени услови лицата со бенефициран стаж; како и одредени категории лица кои имаат работен стаж кој не е поволен да се членува во вториот столб.

Задолжителното дополнително пензиско осигурување се очекува да ги опфати помладите вработени лица, кои не се постари од 35 години. Лицата од средната возраст и оние кои се пред пензионирање се очекува целосно да бидат препуштени на условите на првиот столб.

Со измените и дополнувањата на Законот за ПИО, бр. 70/06, индивидуалните земјоделци не се опфаќаат како задолжителни членови на задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување бидејќи придонесот го плаќаат на основици, а не на исплатена плата, што се многу пониски од останатите категории на осигуреници. Со членот 5 се исклучуваат индивидуалните земјоделци од задолжително финансирано капитално осигурување, заради фактот што оваа категорија осигуреници придонесот за пензиското и инвалидско осигурување го плаќа на најниска основица (30% од просечната плата во Републиката во претходната година). Исто така, и покрај можноста да плаќаат придонес на повисока основица, тие според катастарскиот приход, придонесот го плаќаат на најниска основица. Тоа генерира и остварување на ниски пензии до 1000,00 денари и заради тоа овие осигуреници скоро во секој случај остваруваат најнизок износ на пензија. Според тоа и кога би се влкучиле во капитално финансирано пензиско осигурување, не постојат услови за остварување на принос, заради нискиот износ на средства трансвериран на личните сметки во приватните пензиски фондови. Имено, според Законот за пензиското и инвалидското осигурување, ако

пензијата врз основа на генерациска солидарност и пензијата, односно ануитетот од капитално осигурување се помали од најнискиот износ, се гарантира најнизок износ на пензија. Тоа значи дека индивидуалните земјоделци и да бидат вклучени во капиталното осигурување, во секој случај ќе го користат најнискиот износ на пензија во Фондот.

Според Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, индивидуалниот земјоделец се дефинира како лице на кого земјоделската дејност му е единствено занимање и остварува приход по основ на вршење на земјоделска дејност. Основицата за пресметка и плаќање на придонесите за задолжително социјално осигурување за индивидуален земјоделец претставува 20% од просечно исплатената месечна плата по работник во Републиката, објавена во тековниот месец. Досега, во Законот за пензиското и инвалидското осигурување, основицата беше определена според висината на катастарскиот приход и истата не можеше да биде помала од 30% од просечната плата остварена во Републиката во претходната година. Додека во Законот за здравствено осигурување, основицата беше дефинирана како плата од вршењето на дејноста, односно утврдениот катастарски приход, при што истата не може да биде помала од најниската плата утврдена со колективен договор за соодветната дејност, vo овој Закон се дефинира единствена основица од која индивидуалниот земјоделец ќе ги плаќа придонесите.

Најголемиот број осигуреници - индивидуални земјоделци се на возраст над 64 години (мажи), односно над 62 години (жени), кои ќе остварат право на старосна пензија. Многу е мал бројот на млади осигуреници кои се пријавуваат во осигурување по основ на вршење земјоделска дејност.

Во 1989 година кога се вклучија во пензиското и инвалидско осигурување, бројот на осигуреници изнесуваше 46.000. Малиот број осигуреници, денес, е последица на состојбата што индивидуалните земјоделци кои оствариле право на пензија не ја пренесуваат сопственоста на земјоделското земјиште на членовите на семејството, како би можеле и тие да продолжат со осигурување, бидејќи основен услов за осигурување е сопственост на имот од земјоделска дејност и вршење на земјоделска дејност како единствено занимање.

Наплатата на придонесите од оваа категорија е многу ниска, односно индивидуалните земјоделци не го плаќаат редовно придонесот. Дел од нив обврските ги исполнуваат на крајот на годината, или во најголем дел, при остварување права од пензиско и инвалидско осигурување.

Во 2008 година, наплатата на придонес за ПИО од индивидуалните земјоделци изнесува 29,26 милиони денари, или 11,8% повеќе отколку во 2007 година.

Кога станува збор за осигуреници кои работат на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење од задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување, тие осигуреници не се вклучени во Глава IV од Законот за ПИО (осигуреници од МВР, МО и казнено-поправни и воспитно-поправни установи). Овие осигуреници, според членовите 95 и 101 од овој Закон, можат да остварат право на пензија само со навршување 25 години пензиски стаж, во кој се засметува и бенефицираниот стаж, со што нема доволно време за акумулирање на средствата на индивидуалните сметки.

Во 2008 година, во задолжителниот капитален пензиски фонд, НПФ[15], има 93.666 осигуреници, од кои доброволни (30.240), задолжителни со договор (40.147), распределени (20.110), времено распределени од страна на МАПАС (3.169), вкупно по последните три основи, 63.426 лица.

Во задолжителниот капитален пензиски фонд КБ Прв1 има 101.474 осигуреници, од кои доброволни (36.060), задолжителни со договор (39.770), распределени (21.842), времено распределени од страна на МАПАС (3.802), вкупно по последните три основи 65.414 лица. Вкупно во двата задолжителни фонда има 195.140 осигуреници, (Статистички извештај на МАПАС, стр. 2, 2008).

**Табела 2: Членство во задолжителните пензиски фондови според статусот и периодот на потпишувањето на договорите за членство во задолжителен пензиски фонд* (ibid, стр.2)**

| Дата | НПФ | | КБ Прв | | Вкупно | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Доброволни | Задолжителни | Доброволни | Задолжителни | Доброволни | Задолжителни | |
| До 1.12.2007 | 29.312 | 29.565 | 35.150 | 31.172 | 64.462 | 60.737 | 125.199 |
| До 1.12.2008 | 1.245 | 11.172 | 1.352 | 9.298 | 2.602 | 20.470 | 23.072 |
| Вкупно | 30.557 | 40.737 | 36.507 | 40.470 | 67.064 | 81.207 | 148.271 |
| Вкупно по фонд | 71.294 | | 76.977 | | 148.271 | | |

- *Во табелата се вклучени само членовите кои потпишале договор за членство во задолжителен пензиски фонд. Осигурениците распределени од страна на МАПАС се изземени.*

[15] Акционерско друштво за управување со пензиски фондови НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД, Скопје кое управува со НОВ ПЕНЗИСКИ ФОНД (во натамошниот текст - НПФ) – Отворен задолжителен пензиски фонд

По горните два основа, во КБ Прв пензиски фонд има поголем број членови во споредба со НПФ, разликата меѓу двата фонда е 5.683 осигуреници (види Табела 2).

**Табела 3: Старосна структура на членовите во задолжителните пензиски фондови во 2008 година (ibid, стр. 3).**

| Возраст | НПФ | | | КБ Прв | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Вкупно | Мажи | Жени | Вкупно | |
| До 20 години | 1.287 | 899 | 2.186 | 1.351 | 934 | 2.285 | 4.471 |
| Од 21-25 години | 10.559 | 8.416 | 18.975 | 11.069 | 8.716 | 19.785 | 38.760 |
| Од 26-30 години | 15.476 | 13.668 | 29.144 | 15.731 | 14.313 | 30.044 | 59.188 |
| Од 31-35 години | 12.156 | 10.525 | 22.681 | 12.990 | 11.994 | 24.984 | 47.665 |
| Од 36-40 години | 7.060 | 6.311 | 13.371 | 8.012 | 8.007 | 16.019 | 29.390 |
| Од 41-45 години | 2.695 | 2.672 | 5.367 | 2.978 | 3.261 | 6.239 | 11.606 |
| 46 и повеќе | 1.011 | 931 | 1.942 | 1.104 | 1.014 | 2.118 | 4.060 |
| | 50.244 | 43.422 | 93.666 | 53.235 | 48.239 | 101.474 | 195.140 |

Старосната структура во КБ Прв пензиски фонд е повисока кај сите старосни групи, поголеми разлики се јавуват кај возрасните групи од 31-35 и 36-40 годишна возраст (види Табела 3).

**Табела 4: Принос на задолжителните пензиски фондови сведен на годишно ниво и по период (ibid, стр.4).**

| Период | НПФ | КБ Прв |
|---|---|---|
| 01.01.2006-31.12.2007 | 7.48% | 7.38% |
| 01.01.2006-31.03.2008 | 5.52% | 6.26% |
| 01.01.2006-30.06.2008 | 2.61% | 4.46% |
| 01.01.2006-30.09.2008 | 1.99% | 4.02% |
| 01.01.2006-31.12.2008 | 0.05% | 2.32% |

Приносот на задолжителниот пензиски фонд КБ Прв е поповолен досега во целиот период во споредба со НПФ (види Табела 4).

## 5. Социјален дијалог како алатка во реформите во системот против дискриминацијата

Социјалниот дијалог е интегрален дел на европскиот индустриски систем. Социјалниот дијалог има различно значење и обем во различен национален контекст, но има заедничка црта во инволвирањето на социјалните партнери, владата, во консултации, преговори и колективно преговарање за главните политички цели, како што е: политиката за платите, усогласување на примањата и различни аспекти во реформата за пазарот на трудот и системот за социјална сигурност. Има случаи за меѓусекторски и секторски договор, кој добива легитимна сила од директивите на Советот на ЕУ, кој стана законски интегрален дел меѓу земјите членки (Меѓусекторски договор), кој е implementiran (1995), скратеното работно време (1997), определен - фиксиран период на работа (1999), работа на далечина - telework (2002). Овој социјален дијалог станува перманентно автономно барање, како договор за широк круг прашања, како што се: половата рамноправност, работата на далечина и стресот на работа (Sarfati H., 2007, стр. 74-75).

Таканаречениот Луксембуршки процес, лансиран на Самитот на ЕУ за вработеност во 1997, од страна на социјалните партнери е наречен: „инволвираност на формалниот водич за вработување, мониторинг и имплементација во земјите членки на Европската стратегија за вработеност”. Овој пристап е нагласен на Лисабонскиот самит во 2000 година, и со Отворениот метод на координација (ОМК) на ЕУ, со вклучување општи промени во поглед на социјалните партнери, во делот на прашањата, како што се: промовирање вработеност; континуиран тренинг; еднакви можности; пензии; и социјална инклузија (Европска комисија 2003). Европската Комисија неколкупати ја нагласува потребата од зајакнување на социјалниот дијалог, како сила за иновација и промена на ниво на ЕУ и меѓу земјите членки ( Европска Комисија, 2004).

Во изминатите три декади, фокусот се движи во делот на платите, воведување поголема флексибилност во законодавството кое ја третира заштитата при работа, правени се напори во генерирање на работните места, намалување на невработеноста, обезбедување економска стабилност и развивање на конкурентноста. Тоа е постигнато преку усогласување на политиките за платите, социјалниот и пактот за вработеност, кое вклучува размена меѓу работодавачите и вработените за прифаќање промени на пазарот на трудот (Fajertag i Pochet,1997,2000; Sarfati,1999; Euro Foundation Sisson со соработниците, 1999).

Со развивањето на некои од овие заштитни функции, се намалува улогата на државата, во одреден број европски земји синдикатите ја играат главната улога во социјалниот

дијалог (осигурувањето заради невработеност, професионалните пензии, некогаш и управувањето на пазарот на трудот преку трипартитни или двопартитни тела). (Brugiavini со соработниците 2001), (ibid, 2007, стр. 75)

Наспроти декадите наназад, на релација на меѓусебен дијалог во индустрискиот систем, има случаи кога социјалниот дијалог бил пригушуван кај пензиите и реформите на пазарот на трудот, како што е примерот во Германија и Австрија. Сè уште во некои земји социјалниот дијалог се карактеризира како “непријател” во меѓусебниот контекст. Има случаи кога бил постигнуван консензус во делот на пензиите во Италија (1995), кој предходно бил отфрлан (1994), додека во Шпанија бил задушуван/кршен, или како што било отсуството на социјален дијалог во Франција. Значењето на социјалниот дијалог во реформата за пензиите било нагласено од страна на Меѓународната организација на трудот и ISSA. (Reynaud 2000; Lourdelle 2002), (Sarfati H., 2007, стр. 76)

Пензиските реформи се во тек, овој процес трае долго време, неколку декади, притоа вклучувајќи болни избори, со спротивни ефекти, гледано на кус рок. Тоа, особено ги загрижува следните актери: владата, која треба да се соочи со гласачите; бизнисот, со конкуренцијата меѓу компаниите; синдикатот, бидејќи ги засега нивните членови. За да се остварат прифатливи солуции, се наметнува потребата од преговори, што имплицира промени во стекнатата меѓугенерациска солидарност, како значаен елемент за економски успех, кој се демонстрира во праксата во Нордиските земји. (ibid, 2007, стр. 77)

### *5.1. Примери на социјален дијалог во реформскиот процес*

Недостаток на консензус во контроверзниот простор во пензиските реформи, го ослабнал рејтингот на четири европски влади во изминатите неколку години, кои и денес се соочуваат со предизвиците во пензискиот домен. Владите кои се обидувале да го реформираат пензискиот систем без консултации во периодот на 1990-те, се соочувале со силна опозиција. Вакви примери се: Австрија, Германија, Италија и Франција.

Англија и Нов Зеланд го реформирале нивниот систем за социјална сигурност, наспроти отпорот кој бил пружен од страна на Синдикатот во 1980-те и 1990-те, но како најлиберални земји, тие повторно го регулирале пазарот на трудот. Во 2000 година, Новозеландската влада го вратила Законот од 1991 година за ограничување не правата на колективното преговрање на Синдикатот на работниците (Harbridge и Walsh, 2002). Во Англија, навраќајќи се на однесувањето на владата кон пазарот на трудот од 1997, карактеристични се неколку мерки кои обезбедуваат иницијативи кои се однесуваат на поисплатливата работа: пома-

гање на слабо платените работници, како млади, така и постари работници, за да се вратат и да останат подолго на работа. Биле усвоени мерки и иницијативи кои биле преземени од страна на локалните авторитети, бизнисот и Синдикатот, кои посредувале за повторен влез на женската работна сила на пазарот на трудот. (Cressey, 2002; Millar, 2002)

Земји кои успеале да воведат реформи со консензус се: *Данска* и *Холандија,* како најчесто користени примери. Нивниот пример илустрира како соработката со Синдикатот обезбедува одговорна реформа и адаптирање на социо-сигурносниот систем на промените, кои поминале различни патишта во реформите.

Решенијата бараат грижливо балансиран политички микс и координација меѓу пазарот на трудот и политиката за социјална заштита. Во овие две земји, инволвирањето на социјалните партнери продуцирало, по долги преговори, "волшебна формула", интегрирање на флексибилност и сигурност (вообичаено се среќава како flexicurity). Стратегијата проследена во Нордиските земји се однесува на одржување високо ниво на бенефити на долг рок, комбинирано со задолжителност (обврзност) за оние кои бараат и прифаќаат работа преку мерки кои вклучуваат професионално насочување, индивидуални работни планови, професионални советувања, континуирана обука.

*Данскиот* добар пристап се однесува на сигурност на лицата под плати, која не е резултат на законска заштита против отпуштање, туку повеќе е резултат на пристапот на тренинг со добар квалитет и соодветни примања, надополнето за големиот број години. Овој пристап ја олеснува мобилноста меѓу работата и меѓу отсуството на патернализам и работата.

Политиките на активен пазар на трудот се клучот во владината политика во овој домен од 1970-те. Ова било дополнително поддржано во 1990-те, што резултирало со намалување на нивото на невработеност (Madsen, 2002). Ова е пример кој најблиску ја илустрира вработеноста и мобилноста (employability) - еден од четирите столба на Европската стратегија за вработување, која се планирала да се имплементира.

Во *Холандија* имплементацијата на реформата наидувала на тешкотии и повторни барања за прилагодување (Pennings, 2002). Ова придонело за голем развој на вработување на женската популација, но со скратено работно време (part time). Оваа форма на вработување првобитно наидувала на голем отпор од страна на Синдикатот на работниците (Sarfati, 1999). Холандија не е единствена земја со висок процент на вработеност со скратено работно време на женската работна сила. Високата покриеност преку колективно преговарање во делот на договорот за плати во двете земји, гарантира релативно високо ниво минимални примања за поголемиот дел од популацијата во работоактивниот кон-

тингент, кое од своја страна ги дискриминира по однос на квалитетни услуги за живот.

Во *Италија,* во делот на пензиите била предложена “Дини реформа”. Владата била срушена во 1994 година, потоа со Законот за јавни пензии во 1995 бил постигнат договор, кој, во основа, бил постигнат меѓу владата и трите синдикални конфедерации, а не бил потпишан од страна на работодавачите (Baccaro, 2002).

Во *Унгарија*, пензиските реформи долго време биле дискутирани меѓу социјалните партнери, потоа предлогот бил преточен во закон (Fultz, 2002). Во *Финска*, со закон се регулирани јавните пензии, но принципите на реформите во најголем дел се воведени во 2003 година, кои биле усогласени преку преговори со социјалните партнери. (Sarfati H., 2007, стр. 77-79)

## 6. Пензиски систем во услови на економска рецесија

Кризите присутни во пензискиот систем можат да се препознаат низ цела Европа. Повеќето влади преземаат мерки да се спротивставаат на предвременото пензионирање, зголемување на работниот век и контрибуциониот период. Понекогаш се прави изедначено приспособување на пензиите на промените на очекуваниот животен век (пример: Шведска, Полска, Италија, и др.). Активното стареење било идентификувано во Европа од 2003 година, како еден од трите главни приоритети, како ургентна акција за постигнување на Лисабонските стратешки цели за вработеност.

Потребата од макрореформите, кои треба да се направат и на економската реформа, се круцијални за креирањето работа. ”Целосна вработеност и подобри работни места за сите” е мотото во 2003 година што е понудено како верзија од страна на Европската стратегија за вработување (EES). Во Стратегијата мерките се движат меѓу активното стареење, со вклучено доживотно учење, промовирање на адаптибилност со промени, правејќи ја работата исплатлива, промовирање на полова еднаквост, намалување на регионалните диспаритети и развивање на дотур на јавни услуги на вработеност. Овој пристап бил реформулиран во Зелената книга на Комисијата за предизвик и демографски промени, кој бил дискутиран на Конференцијата во 2005 година, преку проширување на обемот, како резултат на политичкиот одговор за вклучување на семејната политика, баланс меѓу работата и животот, активно стареење, како задача на ЕУ да овозможи успешно да се одговори на демографското стареење.

Сепак, кога се разгледуваат генерално нерешените демографски закани, потребите на кој упатува обемот и начинот на нагласената улога на пазарот на трудот, успехот ќе биде многу мал за постигнување на Лисабонските стратешки цели,

кои се планирани да се реализираат до 2010 година.

Некои земји го надминале овој проблем, додека одредени земји се многу далеку од постигнувањето на овие цели. На ова ни укажуваат податоците кои се однесуваат на различните фактори, кои се јавуваат како причина за ова. Во 2005 година, само четири, од 25 земји членки на ЕУ, ги имаат постигнато целите за вработеност до 2010 година, тоа се: Данска, Холандија, Шведска и Англија, додека на четири им недостасуваат уште 3% поени (Кипар, Финска, Ирска и Португалија). Девет земји (инаку биле шест во 2004) ја постигнале целта од 60% за вработеност на жените (Данска, Шведска, Англија, Финска, Холандија, Австрија, Словенија, Португалија и Естониија), додека на други шест земји им недостасуваат уште 3% поени. (Sarfati H., 2007, стр. 82-83)

**Заклучок**

Во Македонија има трансформација на системот на долг рок, со тенденција на репродуктивност на првиот столб, додека вториот столб е проектиран да се развива врз основа на котизации и оплодување на пласираните средства на пазарот на капитал и третиот столб е во почетна фаза на воспоставување.

Но, реформата не оди така лесно според направените проекции. Со намалувањето на социјалните пензиски контрибуции, проекциите се дека ќе се загрози финансиската стабилност на првиот столб (заради финасискиот јаз кој ќе се појави на долг рок, заради ретрансферирање на дел од котизицираните средства во вториот столб). Во вториот столб, исто така, ќе се почувствува дефицит на прилив на котизации и оплодени средства заради кризата во финансискиот сектор. Двата столба ќе ги почувствуваат последиците од губење на работните места на дел од работната сила. Посебно ова се однесува на првиот столб каде има постојан прилив на нови пензионери, а истовремено, треба да се финансираат пензионерите кои веќе го стекнале ова право. Ова значи дека државата или ќе го покрива зголемениот дефицит од буџетот во првиот столб, или ќе се ориентира кон намалување на супституцијата на пензијата во однос на платата (ќе го намали процентот на соодносот на штета на пензионерите). По оваа основа ќе се изврши дискриминација кон оние кои котизирале најдолги години во овој пензиски фонд.

Во минатата 1.8 декада, несоодветната грижа на државата за пазарот на трудот и пензиската политика придонесе да се влоши не-

вработеноста, да исклучи голем број лица од пазарот на трудот, кои и денес не можат да ги решат своите егзистенцијални права. Една група пензионери, околу 49%, живеат под линијата на сиромаштија во Република Македонија. Исто така, според тоа како е креиран вториот столб, во него одредени категории вработени не можат да членуваат, како што се: земјоделците, професии со бенефициран стаж, лицата кои имаат од 10 и повеќе години работен стаж, кога започна имплементацијата на овој систем.

Оплодувањето на средствата во вториот столб, како резултат на економската рецесија во која западна светската економија, ќе стагнира, претрпи загуби на пласираните средства, додека очекувањата се дека со губење на работните места, ќе се намали бројот на осигурениците во овој столб, како и средствата кои се котизираат по тој основ (проекциите се дека оваа појава нема да биде долгорочна).

Тенденциите во светот одат во една прогресивна интегрирана насока. Во делот на пазарот на трудот и пензиската политика, актерите кои се директно засегнати учествуваат во донесувањето на одлуките, преку директни социјални преговори, во делот за иднината на нивните животи. Ваквиот тренд во Македонија треба да биде поизразен, со цел пристапот до правата од пензискиот систем да биде втемелен врз основа на барањата и потребите на оние кои котизираат во него, како и да се инкорпорираат повеќе категории кои во моментот немаат пристап до пензискиот систем.

**Користена литература:**

1. Sarfati H, (08 September 2007). Social Dialogue For Sustainable Pension And Flexible Labour Markets. European Papers On The New Welfare. The Risk Institute, Triesete-Milan-Geneva, Macros Research, Paper No.8, страна,72 -90. http://www.newwelfare.org/eng/wp-content/pdf/N8.pdf.

2. Соопштение од Комисијата на ЕУ. Учење за возрасни: Никогаш не е доцна да се учи, http://eurlex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2006:0614:FIN:EN:PDF.

3. Hering M., (March 29-April 2, 2006). The Politics of Structural Pension Reform in Western Europe: Does the EU Matter?Paper to be presented at the Fifteenth International Conference of the Council for European Studies, March 29-April 2, 2006, Chicago, IL. Department of Political Science MCMaster Universirty-Hamilton, ON, Canada.http://www.sec.columbia.edu/pub/papers/Hering.pdf

4. Working Document of Commission Staff (11.05.2007). Europe's Demographic Future: Facts and Figures. Commission of the European Communities ,SEC(2007)638. http://ec.europa.eu/employment_social/spsi/docs/social_situation/sec_2007_638_en.pdf

5. Извештај за работата на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија (за 2007 година), Скопје, април 2008 година.

6. Извештај за работењето на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (2007 година). Скопје, февруари 2008 година.

http://www.mapas.gov.mk/?ItemID=817A625CE04C484C90F3F5EE20B6820D

7. Годишен статистички извештај (за 2008 година). Состојби во задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување. Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на Република Македонија. http://www.mapas.gov.mk/?ItemID=817A625CE04C484C90F3F5EE20B6820D

8. Талески П. (2005). Нов пензиски систем. “Македонска реч”, САК-СТИЛ-Скопје 4, 2005. ISBN 9989-163-15-4, COBISS.MK-ID 63145482.

**Summary**

In this paper I have elaborated the specifications, the structure of the reformed three pillar pension system in Republic of Macedonia and the implications which are expected to happen with the introduction of this combined system.

The findings mentioned in this review are preformed for the access to the rights of the users of the first pillar, as well as the ambit of the members in the compulsory capital pension funds (the second pillar). In this paper I have brought out the indicators for the first pillar in relations to the structure of users with particular rights to pension, according to the type of pension, age structure and amount of already acquired pensions, as a result of the implications of the reforms which were done in the pension politics in the last 18 years. In the compulsory pension funds I have elaborated the ambit of the persons, the status and the period of the membership agreement signing as well as the revenues of the compulsory pension funds. Particular regard is paid to the social dialog with the European Union (EU) as a tool of the reforms in the pension politics. As a subject of analysis we have taken several distinct countries (mostly members of the EU) in the vocational literature in the filed of the reforms which they have preformed in the pension politics.

**Key words**: pension system, structure of pension system, access to rights in the muti-pillar pension system in Republic of Macedonia, social dialog in the process of reformation in the pension politics.

# АНАЛИЗА / МИСЛЕЊА:

## Предлог- закон за антидискриминација

Република Македонија се наоѓа пред усвојување на закон за спречување и заштита од дискриминација. Со цел што поблиску да се информира стручната и севкупната јавност за предложените законски рамки, во рубриката: Анализа, за овој број се дадени различни ставови и милења во однос на Предлог-законот за заштита од дискриминација, како од страна на официјални владини претставници, така и на претставници на граѓанските здруженија во Македонија.

Предлог-законот за заштита од дискримација се состои од 8 делови, кои се однесуваат на општи одредби, форми на дискриминација, исклучоци од дискриминација, подрачја на примена, институционална рамка, правна заштита, прекршочни санкции и преодни и завршни одредби.

Во првиот дел, повикувајќи се на директиви на Европската Унија, Предлог-законот ги образложува целите и основите на дискриминацијата и ја дефинира истата. Според Предлог-законот дискриминацијата се дефинира како:

*„Секое разликување, исклучување, ограничување, или нееднакво постапување, или непостапување мотивирано од основите што се споменати (кои постојат во моментот, или порано постоеле, а не постојат во моментот, или можат да постојат во иднина, или кои се припишуваат на одреден човек, група или заедница), а кое има за цел, или резултира во оневозможување, или отежнување на признавањето, уживањето, или практикувањето од страна на сите луѓе, групи, или заедници врз еднаква основа на сите права и слободи, односно во понеповолен третман на еден човек, група или заедница во однос на друг/а во слична ситуација” (чл. 6, стр. 3).*

Исто така, во Предлог-законот, во член 4 се дадени основите, врз кои се забранува секоја форма на дискриминација:

*„пол/род, раса, боја на кожа, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија, или уверување, образование, мислење, политичка припадност, личен, или општествен статус, инвалидитет, возраст, сексуална ориентација, семејна, или брачна состојба, имотен статус, припадност на маргинализирана група, на здравствена состојба, или било која друга основа која е предвидена со закон, или со меѓународен договор (во натамошниот текст: основи на дискриминација).”*

Предлог-законот, исто така, ги дефинира и подрачјата на примена на Законот (работа и работни одно-

си; образование, наука и спорт; социјална сигурност; правосудство и управа; домување; јавно информирање и медиуми; пристап до добра и услуги; членување во синдикални, политички, или други невладини организации; културното и уметничкото творештво; како и други области определни со закон), кон кои треба да се придржуваат сите државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, органите со јавни овластувања, како и сите правни и физички лица.

Во однос на институционалната рамка, овој Предлог-закон предвидува формирање комисија за заштита од дискриминација, која ја избира Собранието.

**Елена Грозданова,**

државен советник,
Министерство за труд и социјална политика

Подготовката и суштинските информации при изготвувањето на Предлог-законот за заштита од дискриминација се обезбедуваат благодарејќи на поддршката на невладините организации. Токму од таму пристигнаа сознанијата дека најголемата дискриминација се прави при трудовата експлоатација во Република Македонија, но има и други видови дискриминација, како што се сексуалното вознемирување, дискриминација врз лицата постари од 50 години кои бараат вработување и други примери што ќе ги реши ова законско решение.

Со овој нов Закон, кој се носи во две фази, се унапредува и се штити правото на поединецот да не биде дискриминиран. Законот е во согласност со директивите на ЕУ и воедно овозможува една посебна судска заштита која ќе се реализира преку судска постапка и со посредство на независно тело, односно Народниот правобранител, кој ќе има пет заменици исклучително за оваа проблематика.

Министерството за труд и социјална политика по изработката на првиот предлог-текст на Законот за заштита од дискриминација одржа 6 јавни трибини во: Битола, Куманово, Велес, Тетово, Штип и Струмица. Целта на трибините беше да се промовира и образложи предлог-текстот на Законот пред сите заинтересирани субјекти на локално ниво, со цел да се добијат конструктивни мислења, предлози, коментари и сугестии.

Предлог-текстот на Законот беше испратен и до ОДИХИР и Венецијанската комисија, како и до Канцеларијата на Европската Комисија во Република Македонија. Добиените мислења и коментари од овие институции ќе бидат разгледани од страна на работната група формирана за подготовка на Предлог-законот.

Предлог-текстот на Законот беше испратен и до сите министерства во Владата на РМ и од нивна страна се добиени коментари, предлози и сугестии.

Предлог текстот на Законот беше предмет и на јавната расправа, организирана од страна на Националниот совет за евроинтеграции, во соработка со Сојузот „Македонија без дискриминација". На јавната расправа од страна на присутните беа дадени конструктивни предлози, забелешки и сугестии по однос на предлог-текстот на Законот и истите беа разгледани и земени предвид од страна на работната група задолжена за подготвување на Предлог-законот за заштита од дискриминација.

Од страна на работната група

се разгледани сите добиени коментари и забелешки по однос на предлог-текстот на Законот и дел од нив се вметнати во унапредената верзија на Предлог-законот за заштита од дискриминација.

По оваа предлог-верзија на Законот беше организирана уште една јавна расправа во Скопје, по која работната група за изработка на Предлог-законот уште еднаш го унапреди текстот и истиот го достави до Владата на Република Македонија на разгледување и усвојување.

**Ѕвонко Шаврески**

# Полио Плус - движење против хендикеп

Коалицијата “Македонија без дискриминација”, составена од повеќе граѓански организации кои работат на полето на заштитата од дискриминација, чиј Секретаријат е раководен од Полио Плус - движење против хендикеп, посветено работеше на подготовка на Предлог-законот на заштита од дискриминација. Во работната група за подготовка на Предлог-законот од страна на Министерството за труд и социјална политика беа вклучени и г. Ѕвонко Шаврески од Полио Плус и г-ѓа Мирјана Најчевска од Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Тие имаа можност да ги изнесат коментарите и забелешките на граѓанските организации.

Последната верзија на Предлог-законот не ги задоволува во целост стандардите кои се поставуваат од ЕУ и другите релевантни институции од областа на заштита на човековите права, па затоа ова се дел од забелешките за негово подобрување, во функција на целосна заштита од дискриминација.

МИСЛЕЊЕ ПО ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Во делот на *општите одредби* во Предлог-законот недостасува промовирањето на еднаквоста, едукацијата и дефиницијата на дискриминацијата, што е исклучително важно при обезбедувањето на нејзината заштита. Потребно е да се потенцира: сеопфатноста на забраната која е проширена и надвор од дејствувањето на државните органи; четирите важни основи: род, уверување, мислење и припадност на маргинализирана група и дефиницијата за дискриминација заради воедначување на пристапот во различни закони и, уште повеќе, заради воедначување на праксата.

Во делот на *формите на дискриминација / исклучоци од дискриминацијата***,** отстрането е практикувањето на човековото право, кое, всушност, претставува најважен резултат на недискриминирачкото однесување, потоа условувањето за

учество во некоја активност која е значајна од аспект на праксата (на пример, условувањето за членување во политичка партија, посетување настава по веронаука, припаѓање на некоја религиозна определба, и сл.). Понатаму, ограничувањето на сегрегацијата само на нејзината просторна димензија ги запоставува другите видови сегрегација (во образованието, во спортот, во секојдневниот живот). Присилната асимилација е исклучително важна од аспект на можни форми на етничко чистење. Адресирањето на дискриминацијата во медиумите е неопходно да биде дел од ова законско решение. Во законите на многу држави, каде што традицијата на еднополова војска и војска која има отпор кон препознавањето на нехетеросексуалната ориентација, претставуваат пракса и долгогодишна традиција (каков што е случајот и со нашата држава), постои посебна одредба која го регулира ова прашање.

Во делот на *подрачјето на примена*, постои мешање на поимите на: нееднакво постапување, кое не се смета за дискриминација, афирмативна акција и заштитни механизми за одредени категории лица. На овој начин создадената конфузија во праксата ќе се одрази во неможност за разграничување на дискриминирачките од недискриминирачките пракси.

Во делот на *институционалната рамка* не е ништо сменето во однос на постојните надлежности на Народниот правобранител, не е извршено проширување на подрачјето на неговото дејствување, ниту, пак, се предвидени структурни промени со кои би можел да биде идентификуван како посебно тело, надлежно за заштита од дискриминација. Овде, пред сé, се мисли на формирање тело (комисија, агенција) врз основа на Париските принципи.

Во делот на *правната заштита* недостасува одговорноста на надлежните лица во институциите во случаи на постоење дискриминација и се минимизира влијанието што овој Закон треба да го изврши во насока на терминолошка унификација на сите закони, во насока на прецизирање на дискриминирачките одредби во другите закони.

Во делот на *постапката*, потребни се измени во насока на поедноставување на постапката, посебна поставеност (од аспект на судски такси, и слично) и отворање можност за разрешување на проблемот по вонсудски пат.

Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јули 2009

**Алберт Муслиу**

# Асоцијација за демократски инцијативи – АДИ Гостивар

Иако концептот на антидискриминација не е супституција на аномалиите во општеството кои се настанати како продукт на подолгорочна дискриминација и исклученост на поединци во зависност од нивната етничка, полова, верска и други припадности и специфики, сепак донесувањето на законска рамка за борба против дискриминацијата треба да обезбеди резултатите на поранешната долгорочна дискриминација да не се продлабочат понатаму, како и да се превенираат нови случаи на дискриминација во иднина.

За омекнување на дискриминирачките политики од минатото, решение е позитивната дискриминација (или афирмативна акција - термин кој сé повеке се користи и во меѓународни рамки). Имено, афирмативната акција е склоп на активности и законски решенија, кои маргинализираните и дискриминираните групи треба да ги донесат на исто рамниште на културен, економски и политички развој, како и водечките (мнозинските) групи, било етнички, полови, верски, итн. Ова, бидејќи имплементирањето само на антидискриминирачките политики, без афирмативни акции, би значело и замрзнување на воспоставените дискрепанци и нееднаквости во социо-економскиот и политичкиот живот, кои произлегле како резултат на долгогодишните дискриминирачки и исклучувачки политики. Како примери на афирмативна акција може да се земат законските решенија кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор, кои се занимаваат со афирмативни активности од сферата на: културата, јазикот, политичкото претставување и ефективната партиципација (правичната застапеност). Исто така, законските решенија од сферата на изборните закони, кои обезбедуваат 30% застапување на женскиот пол, се примери на афирмативна акција која настојува да ја омекне долгогодишната исклученост и дискриминација на жените од политичкиот живот.

Заради горенаведените причини, НВО во Македонија ја анимираат македонската јавност за потребата од донесување закон за антидискриминација, но, исто така, во секојдневните активности, продолжуваат да ги промовираат и афирмативните акции како суштинска потреба за омекнување на неправдите и дискриминацијата од минатото.

Со цел анимирање на јавноста за потребата од носење закон за антидискриминација, е формирана и Коалицијата “Македонија без дискриминација”, составена од граѓански организации кои дејствуваат во областа на заштита на човековите

права и недискриминацијата. За нас како граѓански организации, неосновано е отсуството на неколку битни прашања, како:

1. Законот кој се однесува на заштита од дискриминација не предвидува промоција, едукација и нема дефиниција за дискриминација, додека поимникот на употребени термини е сведен на 4 од предложени повеќе од 60 дефиници за поимите.

2. Отстранувањето од првичниот текст на родот, уверувањето, мислењето и маргинализираните групи како основи за дискриминација.

3. Неприфаќањето на усогласувањето на другите закони со терминологијата на овој закон.

4. Испуштање на сите членови што ја регулираат одговорноста на лицата кои пропуштиле, а биле должни да преземат дејства во случаи на постоење дискриминација, за која биле известени.

5. Институционалната рамка не предвидува конкретни суштински позитивни промени. На Народниот правобранител не му се доделени никакви посебни надлежности со кои самата заштита би била поефикасна, односно нема проширување на подрачјето на неговото дејствуваат, ниту, пак, се воспоставува институција за заштита од дискриминација, согласно стандардите за националните институции за човекови права (Комисија според Париските принципи).

Република Македонија, по донесувањето на закон за антидискриминација ќе се најде повторно во состојба кога граѓаните ќе ги исцрпат сите правни лекови во РМ и повторно ќе се обратат пред Европскиот суд за човекови права, што, пак, ќе се одрази и на имиџот и на буџетот на РМ.

**Томка Дилевска - потпретседател,**

## Организација на жени на град Скопје

Република Македонија го усогласува своето законодавство со законодавството на ЕУ и еднаквите можности за политиката кон работниците и со тоа се обезбедува заштита од физичките и несигурните дискриминирачки пракси внатре, на нивното работно место. Имено, дискриминацијата (директна и индиректна), за првпат е дефинирана во Законот за еднакви можности на жените и мажите (2006) и во Законот за работни односи (2005). Понатаму, правната рамка пружа: забрана за дискриминација, надокнада за дискриминација на актот, ставање на товар на докажување во случај на дискриминација на работодавачот, институционални механизми за заштита, дефинирање на

вознемирувањето и сексуалното вознемирување, како акт на дискриминација.

Според Законот за работни односи, за кршење на забраната за дискриминација не само што е законски одговорен работадавачот, туку е одговорен и директорот, или било кое друго одговорно лице. Од друга страна, освен правната покриеност за феноменот дискриминација, вознемирување и сексуално вознемирување, и натаму недостасува процесот на имплементација. Имено, не постојат на располагање податоци за такви случаи, ниту внатре во институциите кои се одговорни за решавање на проблемот на наведените дела за дискриминација, ниту во годишниот извешај на Обдусманот. Освен тоа, овие акти на дискриминација не се користени како основа за иницирање административни и судски процедури, како што стои во општите препораки на ОН (Комитет за економски, социјални и културни права), имајќи ги предвид најновите извештаи за македонската Влада во 2006. Освен сеопфатноста на тие прописи, сé уште не се инкорпорирани сите елементи на мобинг и системот на заштита во такви случаи.

Иако во 2007 година е усвоен Законот за безбедност и здравје при работа, тој не пропишува одредби по ова прашање. Воопшто, ниското ниво на свест и знаењето за феноменот како таков, негативно влијае врз вкупното разбирање за неговата природа и видовите манифестации. Освен тоа, не постојат емпириски истражувања спроведени од страна на државата по прашањето на мобинг, ниту пак Владата на РМ го препознала овој феномен.

Доколку се работи за посебен закон за недискриминација, сметаме дека оваа постапка би траела подолг период, за што сметаме дека нема многу време, со оглед на состојбите. Сепак, напоменуваме дека паралелно со ваквиот Закон неминовно е почитување и на Законот за работни односи, кој дава насоки и во однос на справувањето со сторителите на дискриминација. Во овој дел посебно место треба да заземе и психичкото насилство, или МОБИНГ, кој во сегашни услови не е ниту визуелизиран, ниту се предвидени одредени санкции против сторителите.

# НАСТАНИ, ОСВРТИ, ПРИКАЗИ:

УДК 316.644 : 316.647.82(497.7)

**Наташа Постоловска**
Полио Плус, Коалиција “Македонија без дискриминација”

## Јавна расправа во Собранието на РМ Европски политики за заштита од дискриминација во Република Македонија

Националниот Совет за евроинтеграции и Сојузот “Македонија без дискриминација”, на 14. 04. 2009 година, во Собранието на Република Македонија организираа јавна расправа за предлог-работниот текст на Законот за заштита од дискриминација. Воведно појаснување и насоки за оваа расправа даде претседателот на Советот, Радмила Шеќеринска. Амбасадорот на Кралството Холандија ја поздрави иницијативата и предложената работна верзија на Законот против дискриминација, изготвена од Министерството за труд и социјална политика, како и заложбите на државата за поскоро донесување на Законот. Појаснувања за потребата од ваков закон, како и за суштината на изготвениот Предлог- закон, говореше актуелниот министер за труд и социјална политика, Џељаљ Бајрами, а за гледиштата што ги застапува неформалниот Сојуз, МБД, во однос на напорите за искоренување на дискриминацијата, како и за насоките по кои треба да се движи финалниот текст на овој Закон и за потребата од востановување посебно тело за еднаквост, според постојните примери од голем број европски држави, говореше Ѕвонко Шаврески.

За предложениот законски текст, со свои видувања, сугестии и забелешки се произнесоа голем број учесници на оваа расправа, меѓу кои: Народниот правобранител, Ицет Мемети, Скендер Буџаку, од ИВЗ, Анита Арнаудовска од Академијата за обука на судии и јавни обвинители, претседателот на Адвокатската комора на РМ - Ненад Јанаќијевиќ, Мухамед Точи, од НВО “Месечина”, од Гостивар, како и потпретседателот на Советот, Силвана Бонева, пратениците Лилјана Поповска, Цветанка Иванова, и др.

Од оваа плодна јавна расправа, на која учествуваа околу сто лица, од кои четириесетина жени, произлегоа следните заклучоци:

1. Националниот совет за евроинтеграции го поддржува донесувањето на Законот за заштита од дискриминација, со кој, согласно меѓународните стандарди и европското законодавство, ќе се обезбеди ефективна заштита од сите форми на дискриминација и еднаквост на секое лице во остварувањето на правата загарантирани со Уставот, законите и меѓународните договори.

2. Имајќи ги предвид: Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година, Извештајот за состојбите од ОДИХР и ОБСЕ од 2007 година, Годишниот извештај на Народниот правобранител за 2007 година, забелешките, коментарите и предлозите на работниот текст на Законот за заштита од дискриминација изнесени од страна на Венецијанската Комисија на Советот на Европа, заклучните согледувања на специјализираните тела на Обединетите нации за состојбите во Република Македонија за остварување на правото за заштита од дискриминација, забелешките на Сојузот “Македонија без дискриминација”, како и во текот на јавната расправа, Советот укажува на неопходноста од сериозна интервенција во одредбите од работниот текст на Законот за заштита од дискриминација, согласно меѓународните стандарди, Директивата на Советот на ЕУ 2000/43/ЕЗ за спроведување на принципот за еднаков третман на луѓето, без разлика на нивната раса или етничко потекло и Директивата на Советот на ЕУ 2000/78/ЕЗ за воспоставување општа рамка за еднаков третман во вработувањето и занимањето, што ја дефинираат основната рамка на антидискриминирачкото законодавство.

3. Согласно критериумите од Париските принципи, како основни меѓународни стандарди за националните институции за човекови права, Советот смета дека е потребно да се воспостави таква институционална рамка, во која низ процес на координација и синхронизација на активностите, ефикасно ќе се обезбедува правото на заштита од дискриминација.

4. Советот препорачува во Законот да се дефинира модел и да се определи тело за еднаков третман на сите луѓе, за да се постигне ефикасна заштита од нивна дискриминација, врз сите основи и во сите области. Ако целта на Законот е да се обезбеди висок степен на заштита од дискриминација, тогаш истиот мора да воспостави соодветен и ефикасен механизам за заштита од дискриминација.

5. Советот оценува дека предлозите, забелешките, препораките и коментарите по работниот текст на Законот за заштита од дискриминација, изнесени на јавната расправа, треба да бидат земени предвид од Министерството за труд и социјална политика при изготвувањето на Предлогот на законот за заштита од дискриминација, при што да се почитуваат препораките од Венецијанската Комисија на Советот на Европа, ОДИХР и заклучните согледувања на специјализираните тела на Обединетите нации.

Оваа јавна дебата заврши со најава за повторна поширока и поконструктивна расправа, сé со цел усвојување законски текст кој најсоодветно ќе ја регулира и уреди оваа материја.

УДК 304.4 (497) (063) (049.3)

**м-р Јана Лозаноска**
Институт Евро-Балкан
Директор на Центарот за демократија и сигурност

# Регионална конференција „Интегрирање на разлики – човекови права, социјална инклузија и социјална кохезија на Балканот кон патот до Европската Унија”

Институтот Евро-Балкан од 28-31 мај 2009, во Охрид, х. „Климентица” и „Пела” организираше регионална конференција, со наслов: „Интегрирање на разлики – човекови права, социјална инклузија и социјална кохезија на Балканот кон патот до Европската Унија”, поддржана од Жан Моне Програмата на Европската Комисија и Владата на Република Македонија.

Конференцијата претставуваше ретка можност и е прва од ваков вид во Регионот која собра на едно место претставници од државната администрација од Регионот, истражувачи и претставници на невладиниот сектор кои се занимаваат со прашањата поврзани со социјалната вклученост, односно исклученост, социјалната кохезија и европското граѓанство. Во фокусот на истата беше проучувањето на теоретските и практичните (социјални, економски и политички) предности од пристапот на социјално вклучување и целокупното разбирање на социјалните проблеми на Балканот.

На четиридневната конференција се изнесоа: предавања на истакнати професори од Регионот и пошироко, презентации од истражувања и истражувачки методологии на 33 презентери на трудови, во присуство на 26 учесници кои работат во областа на социјалната исклученост и европската интеграција.

Презентациите на конференцијата беа организирани во четири дела:

*1. Култура, развој и социјална инклузија*

Оваа работилница ја разгледуваше улогата на културата и институциите од културата во економскиот развој и градење на социјално инклузивни општества.

*Модератор: проф. Небојша Вилиќ*

*2. Човекови права, недискриминација и социјална инклузија – Интегрирање на концепти и перспективи на европското граѓанство на Балканот*

Оваа работилница се фокусираше на повеќеслојните прашања и делумно заборавените балкански теоретски перспективи (Ромите, жените, лицата со посебни потреби, развојот, постколонијалните студии и децата)

на социјалната исклученост и европското граѓанство, донесувањето на законите против дискриминацијата и социјалните реформи, кои во моментов се случуваат во Регионот. Осврнувајќи се на работата на експертите по европско граѓанство, политикологите, правниците, научните работници, коишто работат во областа на културните и студиите за човекови права, филозофите по право и социолозите, оваа работилница се обиде да ги редефинира човековите права, недискриминацијата, социјалната исклученост и европското граѓанство од перспективата на Ромите, жените, лицата со посебни потреби, старите лица и децата.

*Модератор: проф. Татјана Петрушевска*

*3. Социјална исклученост, европско граѓанство и социјална политика: примена и критички преглед на европското и балканското истражување на социјалната исклученост*

Оваа работилница ги разгледуваше истражувањата и примената на социјалната политика во европски и балкански контекст. Посебен акцент се стави на анализата на конкретните чекори и планови кои се соочуваат со борбата против исклученоста во сите форми, вклучувајќи го: расизмот, ксенофобијата, омразата кон жените и хомофобијата.

*Модератор: доц. др. Маја Геровска - Митев*

*4. Воспоставување агенда за социјална исклученост за Балканот и креирање регионална истражувачка мрежа*

Оваа работилница се занимаваше со трудови кои ќе дадат конкретни предлози за креирање на балканска истражувачка агенда од областа на социјалната исклученост и за градење мрежа на балкански истражувачи кои работат во областа.

*Модератор: проф. Катерина Колозова и доц. др. Деспина Ангеловска*

Предавачи од Регионот и пошироко, кои го дадоа својот академски придонес на конференцијата, беа: *проф. д-р Јелисавета Благојевиќ,* продекан и професор на Факултетот за медиуми и комуникации, Универзитет Сингидинум, Белград, *проф. д-р Весна* Црниќ-Гротиќ, продекан и професор на Правниот факултет во Риека, Хрватска, *д-р Ноеми Лендваи,* Факултет за политички студии, Универзитет Бристол, *проф. д-р Филип ван Парис,* Католички Универзитет од Лувен (Chaire Hoover d'Ethique Economique et Sociale), Белгија, *д-р Пол Стабс,* Економски институт - Загреб, Хрватска и *д-р Пео Хансен,* политички научник и вонреден професор на етнички студии на Липкониг Универзитет, Шведска.

Главната цел на регионалната конференција беше креирање регионална мрежа, со седиште во Република Македонија, на академски истражувачи, државни службеници, новинари, како и активисти (Балканска мрежа за социјална инклузија и европско граѓанство), заснована врз моделот на Европската мрежа за со-

цијална исклученост и развој на европското граѓанство (СЕДЕЦ).

Во склоп на активностите поврзани со реализирање на конференцијата, Институтот Евро-Балкан www.seesoc.org.mk подготви интернет страница која содржи новини од областа на човекови права, социјално вклучување и социјална кохезија, податоци за предавачите, раководителите на работилниците, презентерите на трудовите, како и публикации, студии и извештаи од областа на човековите права, социјално вклучување/исклучување и социјална кохезија.

Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јуни 2009

**проф. д-р Сунчица Димитријоска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје,
Филозофски Факултет
Институт за социјална работа и социјална политика

УДК 364-3-053.9 (497.7) (049.3)

# Студија – Социјална исклученост на старите лица во Република Македонија

Во Студијата за социјална исклученост на старите лица во Република Македонија, финансиски поддржана од УНФПА, се анализира *проблемот на социјалната исклученост на старите лица во однос на:* покриеноста, правата, достапноста, обезбедениот квалитет на услуги, пречки во остварување на она што е дефинирано со законите и политиката во заштитата и вистинската состојба, како и тековните реформи и предизвици на системите на: *социјалната заштита, пензискиот систем, образованието и здравствената заштита.*

Студијата содржи анализа на научната литература, меѓународните и национални законски акти, со посебен акцент на регионалните, етничките и родовите разлики на старите лица, како ранлива група. Спроведена е квантитативна анализа на анкетно истражување на репрезентативен примерок од 1222 стари лица, квалитативна анализа од 8 фокус групи и 46 интервјуа, направени со персоналот во: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование, центрите за социјална работа, Агенцијата за вработување и домовите за стари лица.

Истражувањето е спроведено во периодот од 20 декември 2008 година, до 20 февруари 2009 година, под раководство на локален консултант, авторот на студијата, проф. д-р Сунчица Димитријоска.

Основната цел на студијата е да се придонесе за дијагностицирањето на социјалната исклученост на старите лица во Република Македонија и да се даде придонес во социјалната инклузија на старите лица, согласно претстојниот процес на преговори за членство на земјата во ЕУ во областа на заштитата и социјалната инклузија на старите лица, како и Заедничкиот меморандум за инклузија.

Истражувањето покажа дека во рамките на социјалната заштита, социјалната исклученост е заради нерегулираните имотно-правни односи, усложеноста на административните процедури, географската оддалеченост на институциите во кои може да се остварат правата - центрите за социјална работа. Во однос на пазарот на трудот, лицата над 54 години имаат малку можности за

вработување, нема доволно курсеви за доквалификација и преквалификација и нема анализи за потребите за доквалификација и преквалификација. Во однос на образованието, постои мала мотивираност за образование на возрасните над 54 години и нема можности за преквалификација и доквалификација. Во однос на здравствената заштита, присутна е исклученост во однос на самото право, недостапноста заради немањето транспорт, посебно јавен, во руралните средини. Студијата дава и предлози за преземање соодветни активности за намалување на исклученоста, посебно во секое подрачје од истражувањето.

Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јуни 2009

**проф. д-р Јован Пејковски** УДК 352.071.2 (497.7) (047.31) (049.3)
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје,
Филозофски Факултет
Институт за социјална работа и социјална политика

# Приказ на извештајот: Граѓански засновани анализи

Во издание на УНДП (Програмата за развој на Обединетите нации), Канцеларија во Скопје, во партнерство со Универзитетот на Југоисточна Европа, излезе од печат книгата: Граѓански засновани анализи 2009, регионален развој, локална власт и квалитет на живот. Книгата е во форма на извештај во кој се прикажани одделни области на живеењето во Република Македонија.

Со помош на прашалник, применет на над 3000 испитаници, добиени се резултати кои се релевантна потврда за ефектите од политиките што се однесуваат на просторните диспаритети во квалитетот на животот и социјалната исклученост.

Во првиот дел, воведот, даден е општ приказ на состојбите во Република Македонија и е направен пресек и поврзување со сознанијата кои се содржани во претходните истражувања на овие прашања, како и за одделните политики кои се остваруваат и се применуваат во оваа сфера.

Во второто поглавје е даден приказ на регионален профил на квалитетот на живот, преку оценки за: задоволство и среќа, за распределбата на приходот и сиромаштијата, за нееднаквост на приходите, за социјалната исклученост и ранливост на домаќинствата. Согледани се и состојбите: на пазарот на трудот, во сферата на образованието и обуката и пристапот до здравствените услуги.

Во третото поглавје е даден приказ на: меѓуетничките односи од аспект на етничката тензија и меѓуетничките односи, за улогата на масовните медиуми, за децентрализацијата, локалните политики и меѓуетнички односи, како и за образованието, етничката припадност, и друго.

Извештајот ја елаборира поврзаноста на природата на регионалниот развој и просторните аспекти на квалитетот на животот. Се констатира дека постојат големи регионални диспаритети во задоволството од животот, кое за возврат е во голема мера под влијание на возраста и местото на живеење, со тоа што младата градска популација се наоѓа на врвот на скалата на среќата, а возрасната рурална популација, на дното на скалата на среќата.

Постојат големи диспаритети и во однос на приходот по статистичките региони, како и значителни регионални диспаритети во однос на

учеството на пазарот на работната сила. Постојат разлики меѓу регионите во однос на проблемот на ранливоста заснована врз вработувањето, образованието, пристапот до здравствените установи и другите социјални услуги, кои натаму водат кон разлики во задоволството и нивоата на исклученост меѓу регионите.

Во четвртото поглавје е даден приказ на локалната власт преку функциите на локалната самоуправа и остварувањето на децентрализацијата. Согледан е квалитетот на животот во општините и регионите, преку ефектите и проблемите што ги засегаат луѓето. Анализирани се безбедноста, влијанието на децентрализацијата врз квалитетот на животот, задоволството од општинските услуги, направена е проценка на ефектите од работата на локалните власти во општините. Исто така, согледан е и економскиот развој и можностите за промоција на мали бизниси како предуслов за локален економски развој. Оценето е и учеството на граѓаните во институциите на локалната самоуправа, можностите што ги имаат за контакт со институциите на локалната власт, за учество во одлучувањето во институциите на локалната власт, и друго.

Разликите во руралниот сегмент одделно се согледани заради што се изразува јасна потреба за изградба на соодветни политики за рурален развој, кои треба да ги третираат овие проблеми, како и за инвестирање во инфраструктура и создавање работни места.

Во петтото поглавје се дадени препораки за подобрување на квалитетот на животот за регионалната политика, за етничката кохезија и за работењето на локалната власт според потребите на граѓаните.

Може да се оцени дека се работи за еден комплексен труд во кој се вклучени бројни експерти, истражувачи, аналитичари и одлични познавачи на материјата, со што на синтетизиран начин се прикажани аспекти битни за подобро живеење. Во трудот се понудени одговори за бројни прашања од истражуваните области и тоа врз основа на аргументирани сознанија. Со тоа, трудот добива во квалитет и сериозност во пристапот за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Извештајот е одлична можност за непосредно запознавање со оваа прболематика на факторите кои се вклучени во процесот на анализрање, градење ставови и политики во насока на јакнење на граѓанското општество.

Во извештајот се доаѓа до заклучок дека регионалниот развој е сложен процес, кој е под влијание не само на економските услови, туку, исто така, и на перцепциите на квалитетот на животот, ефективноста на локалната власт и обемот на социјалната исклученост и етничката кохезија на локално ниво, при што се нудат решенија за тоа како да се намалат овие диспаритети преку ефективни регионални политики.

Рев. за соц. пол. год. 2 Бр. 3 Стр. 197 - 302, Скопје, јуни 2009

**проф. д-р Мариа Доневска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје,
Филозофски Факултет
Институт за социјална работа и социјална политика

УДК 364 (497.7) (075.8) (049.3)

# Приказ на книгата: "Социјален развој" од проф. д-р Јован Пејковски

Во издание на Филозофскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" од Скопје, излезе од печат книгата на проф. д-р Јован Пејковски: "Социјален развој".

Во трудот "Социјален развој", на 342 страници се прикажани современите сфаќања за општествените процеси кои го определуваат развојот како централен интерес за потребите и аспирациите на луѓето во граѓанското општество. Развојот како комплексен и мултидимензионален процес постојано е во фокусот на интересот, со желба да се постигне повисок квалитет на животот за сите луѓе. Преку прикажување на одделните аспекти кои го дефинираат и оформуваат социјалниот развој, како од материјален, така и од поширок хуман аспект, се согледуваат релевантните поимања на овој комплексен процес кој инкорпорира мноштво елементи, од чиешто познавање и влијание врз истите се овозможува динамизирање на севкупниот развој.

Осознавањето на потребите на луѓето, нивните барања, стремежи и цели и откривањето на процесите за нивно задоволување, како и можностите и начините како да се остваруваат растот и развојот на општеството, се доминантните прашања кои се претставени во трудот, "Социјален развој".

Во првиот дел на трудот се разработени повеќе прашања, со кои се објаснува развојот како потреба за постигнување повисок квалитет на животот и како фундаментално човеково право и потреба. Исто така, прикажани се и значењето на социјалниот развој и неговата содржина, при што се дава приказ на теориите за социјален развој. Преку различноста на концептите и сфаќањата за социјалниот развој се упатува и на компонентите и факторите на социјалниот развој. Даден е акцент на развојните предуслови, при што се укажува и на разните видови развојни ограничувања што постојат и што не се постигнати, заради што се јавуваат лимити во социјалниот развој.

Во овој дел се дадени и влијанијата на економското опкружување и социјалните можности, при што посебно се прикажани врските и

влијанијата меѓу економскиот и социјалниот развој. Посебно внимание им е посветено на социјалните потреби и развојот, а заради значењето што го имаат, одделно се претставени социјалните индикатори и социјалното известување во следењето, прикажувањето и планирањето на социјалниот развој.

Во вториот дел се прикажани системските основи за планирањето социјален развој, при што се истакнуваат основите на општествениот систем кои влијаат врз планирањето и на подсистемите на системот на планирање. Укажано е на дефинирањето на приоритетите во развојот, како основа за поквалитетно динамизирање на развојните перформанси. Даден е приказ на влијанието на мерките на социјална регулатива со кои се оформува социјалниот развој. Исто така, прикажани се практиката и видовите планирања на социјалниот развој во одделни земји. Индикативното планирање е објаснето како модел и форми кои се применуваат во современите држави, а е даден и приказ на состојбите и развојот на планирањето на социјалниот развој во Република Македонија и планирањето во Европската Унија. Планирањето е обработено и според видовите краткорочно планирање, со приказ на социјалните цели во годишните макро-економски планирања, потоа среднорочното планирање, како и долгорочното планирање, а посебно е прикажано стратешкото планирање.

Во третиот дел од трудот, авторот ја обработува меѓународната димензија на развојот и на социјалниот развој. Притоа е прикажана поврзаноста на развојот во пошироки рамки и влијанијата кои се пренесуваат како кризи во развојот и врз социјалниот развој. Објаснети се карактеристиките и трендовите на социјалниот развој во глобален контекст и врз таа основа се прикажани меѓународните организации и институции во чиј домен на активност е и социјалниот развој. Во трудот се дава приказ и на поважните документи за меѓународен развој и се укажува на процесите и потребите за засилување на меѓународната соработка за развој.

Во четвртиот дел е обработен социјалниот развој во Република Македонија. Дадена е врската на социјалниот развој и сигурноста и нивното оформување, а е направен и приказ на социјалниот развој во одделни области. Развојот како процес треба да се менаџира и на ова прашање е укажано како потреба заради остварување на растечките барања и потреби на граѓаните.

Посебно внимание е посветено на улогата на општината во оформувањето на социјалниот развој. Имено, со приказ на системските основи и надлежности на општината се дава прегледност на основите и надлежностите што треба да се остваруваат во доменот на социјалниот развој и неговото планирање.

По одделни делови, авторот приложува современа литература, која, покрај сопственото богато практично и теоретско искуство, ја ко-

ристел при пишувањето на книгата.

Иако авторот во воведот ја истакнува намената на трудот, оценка е дека истиот има поширок домен и го надминува опсегот на универзитетски учебник. Истиот може да им биде од полза на сите оние кои ги проучуваат прашањата на социјалниот развој во рамките на општествените процеси и водењето социјална политика на државите, а пред сé во образовните институции, научните, државните, како и на сите кои непосредно работат, го оформуваат и дефинираат опфатот на потребите и планирањето на ресурсите за задоволување на социјалните потреби и развојот.

Може да се оцени дека темите, опфатени во книгата, се современи, актуелни, јасно и документирано разработени. Претставуваат целина којашто ги објаснува: социјалниот развој, неговото значење и потребите за негово осознавање и планирање, како врз научна основа, така и во практиката на меѓународните организации, на државно и на локално ниво во Република Македонија.